# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Првото продолжение на Седумдесет и втората
Седница на Собранието на Република Македонија ,
одржана на 27 јули 2004 година

Седница се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со расправа по текстот на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Пратениците Славица Гркова, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Емилија Костадинова, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Чедомир Краљевски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Али Ахмети и Мендух Тачи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Отворам претрес по амандманот на член 10-б за додавање нова точка 38-б по точката 38 поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Предложениот амандман нуди решенија со кои да се задржи сегашната општина Витолиште самостојна. На вчерашната расправа изнесувавме доста аргументи. Сакам да укажам дека врз основа на изнесените аргументи, врз основа на капацитетите и критериумите по број на населението и во делот на другите критериуми особено на финансиските капацитети укажавме дека прифаќање на принципот одредени неразвиени општини да се приклучат кон одредени градски

јадра сигурно нуди подобар развој одколку самостојно функционирање во новите надлежности и новите услови. Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Пред да дадам збор би сакал само да им честитам на пратенците Славица Грковска и Слободан Најдовски, денеска им е роденден, нека им честит роденденот.

Повелете г-дине Стојановски имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас мислам дека не доволно добро го има видено министерот овој амандман затоа што не се работи за задржување на општина Витолиште во досегашните граници за кои што амандман разговаравме во текот на вчерашната расправа, денес овој амандман кој што е предмет на разгледување се однесува на создавање на една општина во која што би влегле мариовските општини Витолиште и општината Старавина кои што постоеја до денес и на тој начин да се овозможи една функционалност затоа што се работи за слична структура на населението, слични географски услови, голема територија и сите оние работи и проблеми за кои што зборувавме во текот на вчерашната расправа по амандманот за опстојување на општината Витолиште. Значи, овој амандман е даден како алтернатива до колку не биде прифатен вчерашниот амандман, како што се случи, значи ова е амандман како алтернатива за поголема општина во која што би влегла не само сегашната општина Витолиште туку и општината Старавина и на тој начин да се направи една целина затоа што тие се во ист електроенергетски систем, имаат исто старо население кое што има исти или слични здравствени проблеми, инфраструктурните проблеми се слични. Се работи за потреба за изградба на патишта кои ќе ги поврзуваат овие места и истовремено ќе овозможат експлоатација и искористување на рудните богатсва, на шумските богатства кои што таму постојат и на тој начин да се реализира вистинска локална саомуправа односно задоволување на потребите на локалното население што во крајна линија ја претставува целта која што треба да се постигне со овој закон. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Слжбите нека го утврдат моменталниот број, ве молам.

Додека пратениците кои што неможат да најдат паркинг не дојдат, објавувам пауза од 15 минути.

По 15 минути продолжуваме со работа.

(Паузата започна во 10,15 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 10,30 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работи. Службите нека го утврдат бројот на присутните.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, тројца за амандманот, 58 против, воздржани нема, а во салата беа присутни 62 пратеника.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 10-б за додавање нова точка 38-в по точката 38 поднесен од пратенците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен, повелете г-дине Стојановски, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас мислам, г-дине министре дека со вашите досегашни излагања јасно кажавте дека целта е окрупнувањето на општините, создавање на услови во кои што тие ќе можат пофункционално да се поврзуваат помеѓу себе и да ги задоволуваат потребите кои што произлегуваат од специфичните услови на регионот, на територијата на која што тие се простираат, на населението кое што таму живее и на специфичните социјално-економски услови кои што се присутни во тие општини.

Овој предлог е токму во таа насока затоа што факт е дека во овој закон имаме едностепен систем на локална самоуправа, немаме специјален однос кон специфичните потреби на одредени општини затоа што факт е дека неможеме сите општини да ги третираме на подеднаков начин затоа што има секоја општина различни специфики и на тој начин сакам да истакнам дека од тие причини Мариово како регион кој што навистина опфаќа огромно пространство кое има еден добар дел што се граничи со Република Грција, кој зафаќа од Гевгелиско преку Кавадаречко, Прилепско, Битолско, значи еден огромен регион кој што навистина, ако земеме по број на население, ако го земеме само тој критериум не претставува само значителна бројка, меѓутоа како специфични, географски услови кои што се присутни во тој регион навистина Мариово треба да биде третирано на посебен начин во однос на другите општини.

Од овие причини го поднесов овој амандман и тоа со цел за да може општина Мариово или општина Витолиште како центар, односно населеното место Витолиште како централно место во целиот овој регион да може да ги остварува тие потреби. Самите рековте дека админстрацијата на постојните општини во статутите на новоформираните општини согласно овој закон ќе бидат утврдени кои ингеренции ќе им бидат пренесени да можат граѓаните кои што се жители на сегашните постојни општини да можат да ги остваруваат своите локални потреби, интереси и права.

На тој начин, врз основа на досегашното постоење на општина Конопиште, на општина Витолиште, на општина Старавина тој услов би бил задоволен. Од друга страна би бил задоволен и географскиот услов затоа што се работи за една географска целина. Од трета страна имате специфични околности кои што се наоѓаат на малограничната соработка која што и до денес се реализира преку различни Мариовско-Мегленски средби и други активности. Навистина населението е насочено едно кон друго.

Истовремено, ако зборуваме за економските параметри и економските можности на овој регион сите овие три општини се соочуваат со слични капацитети, имаат слични капацитети, се работи за експлоатација за шумски богатства, се работи за присуство на рудни богатства, се работи за решавање на инфраструктурните потреби во смисла на напојување со електрична енергија, поврзаноста нивна затоа што сите знаеме дека директна поврзаност меѓу овие три општини постои, меѓутоа сеуште тие патишта не се асфалтирани, тоа треба да се реализира. Сметам дека со постоењето на една ваква општина навистина ќе се

доведе Мариово до еден степен до кој што ќе може да се зборува за некаква иднина на овој регион.

Да не должам многу, сметам дека ова е логичен амандман и навистина апелирам до парламентарното мнозинство да даде подршка на овој амандман. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине министре, пријавени сте, сакате збор.

Има збор г-динот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Стојановски, можеби вака како што кажувате и ако се гледа на карта можеби е логично, цело Мариово, но вие предлагате општините Витолиште со 490 жители, Старавина со 300, Конопиште со 350 со финансиски средства во Витолиште околу 800 илјади, Конопиште со 600 илјади и Старавина со 300 илјади да ги обедините и да им понудите развој или подобри усуги на граѓаните.

Навистина не се нудат подобри услуги. Оние кои го познаваат цело Мариово, цел регион со седиште во Витолиште, и вие сте одтаму, мислам дека не држи, нема логички дел на функционирање на таквата општина, на општина со огромна територија, со многу големи природни ресурси и мислам дека принципот кој е одбран врз основа на стратегијата, овие неразвиен општини да се приклучат кон градски јадра кои ќе имаат развој, тоа е делот на приклучување кон Прилеп, Кавадарци и Новаци. Нудат подобар развој за граѓаните, подобри услови, поквалитетни. Услуги, врз основа на делот, она што го предлагаме, граѓаните во овие општини да ги имаат услугите кои што досега ги користеле, но за делот на економскиот развој, локалниот да ги имаат капацитетите на големите општини.

Овој ваш предлог и самите мислам дека знаете, дека не е возможно да функционира општина со седиште во Витолиште, со Конопиште и со Старавина, ни урбанистички, ни сообраќајни ни логички. Затоа амандманот не го прифаќам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. претседателе,

Господине министре, јас не би се согласил со вашето излагање од повеќе причини. Имено не се работи за тоа дека општината  Новаци, општината Битола и општината Прилеп во оваа ситуација ќе покажат многу поголем интерес и дека токму ова подрачје ќе доживеенекој процвет и граѓаните ќе ги остваруваат по реално своите права.

Тоа што се случи од 1965 година до 1996 година, видовме, ова подрачје го донесе, точно  од бројките што ги имаше по пописот, некаде од 6 илјади Старавина стигна на 350 до 400 луѓе. Истото се случи и со другите општини, Витолиште и Конопиште.

Во просторниот план на РМ и генерално РМ трудејки се да влеземе во ЕУ, ние треба  нешто и да понудиме, а да го понудиме сето тоа, треба и да направиме. Во овој момент, истото како што беше и за општината Бач, мислам дека државата, за кратко време она што би го инвестирала тука, а сведоци сме, говоревме долго време за енергетски објекти, па единственито енергетски објект кој нависитна би бил енергетски објект, од хидрообјект , тоа е Чебрен. Но, ние направивме Козјак, еве ќе правимеи други електрани, но мислам дека сето тоа се водоводни инсталации, отколку прави енергетски објекти. Значи со едно такво видување, со она што го има како минерално богатство, Маријово, давање под концесии и искористување на голем дел од тие минерални суровини, за овие луѓе би било сосема доволно.

Во овој момент од страна на Република Грција, кај Пожарско веќе се работи премин за општина Конопиште. Тоа значи поврзување во една интерактивна дејност помеѓу Грција и РМ. На самата гранична површина претстои лов, риболов, туризам. Сето тоа може да се развива затоа што е негибнат дел во Република Македонија и тоа е она што ние треба да го презентираме. Во овие моменти голем број и од странски  амбасадори  поголем дел го поминуваат токму таму. Можеби нашите луѓе не ги знаат тие богатства и не може да ги знаат затоа што до пред 1996 година, во овие неколку последни години се направени и асфалтирани патишта кои изгледаат нестварно на терен, а визионерски мислам дека е почната многу добро, а се она друго што треба да се развива и тоа што го има во Маријово во однос на земјоделство, сточарство, без инфраструктура, сето тоа е излишно. Значи во овој момент, дали тоа ќе биде општина Новаци, дали ќе биде општина Битола, или општина Прилеп, мислам дека апсолутно нема да помогне овие општини да заживејат. Напротив, бидјеки таму и староста на населението е веќе над 60 години,

мислам дека ќе бидат поголеми проблеми , Затоа државата, ако не може самата, ако ги нема средствата, да се даде тоа под концесија за да може да се развива таа општина. И едноставно, тоа што го кажавте колку средства трошат сите општини, гледајки колку успеале да земат од разни организации кои во моментот инвестираат во тие општини, тие средства се многу поголеми, десетократно, можеби и повеќе, од она што општините како приход или како расход, го даваат. Јас и вчера кажав, не очекуваме дека во тие општини ќе треба да правиме се наново, да правиме нова управа, да правиме полициски станици, да правиме противпожарни служби, основни училишта и незнам уште што каде тие нормални општини би требало да го прават. Но руралните општини и тоа што тие можат да го понудат за Република Македонија е многу важна ситуација и мислам треба да се размисли за тоа затоа што со многу мали инвестиции и она богатство што го имаат тие општини државата многу нормално ќе продолжат и натаму да опстојвуаат, а се надевам тоа што го започнале како проекти и да го завршат после 4 години.

Верувајт еми, гледајки ги сегашните услови во Прилеп, Битола и во Новаци, колку тука е направено, едноставно се сомневам дека некој ќе замине во Старавина или Градешница, да почне да прави патишта. Тоа во оваа ситуација мислам е исклучено. Ќе говориме и за фискалната политика која треба да се реализира во овие локални самоуправи. Но, апсолутно мислам тоа е токму делот за кој говориме цело време, што треба д аго презентираме на Европа за да можеме и со тамошниот чист еколошки производ да изеземе на Европскиот пазар. Моето размислвуање е во тој правец и затоа мислам дека ќе треба вие како минситер да обратите малку повеќе внимание и да се направи уште поголема анализа за оваа поделба на овие општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Топузова имате реплика или збор.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРОВСКА:

Имам реплика на г-динот Мавровски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРОВСКА:

Јас не мислев да се вклучувам во дискусијата и да реплицирам, меѓутоа морам да кажамнеколку зборови, со оглед што многу добро го познавам овој регион, затоа што самата моја професија налагаше често пати да бидам присутна таму и не можам да се согласам со нивните аргументи со кои го бранат фактот за постоење на една ваква општина.

Прво, слушнавме и се согласувам дека навистина овој регион има многу природни богатства, има многу културно наследство, имаме исто така и ресурси кои можат да се експлоатираат и да дадат економски придонес, меѓутоа проблемот е што таму немаме луѓе. Ако се погледне ќе видиме дкеа таму живејат по едне жител на км2 и не можам да се согласам дека иселувањето било последните години, или пак дека последните години се направени исклучително добри патишта затоа што главните сообраќајници кои водат од Прилеп кон Маријово и од Битола, исто во Битолскиот дел, па и во Кавадаречкиот, се направени пред 1996 година. Ако се е така, сигурно дека и во овој период има некои локални патишта кои спојуваат две населени места, но , кажувам , главната сообраќајница сепак е направена пред 1996 година.

Би сакала да запрашам колку луѓе, ако е се така добро во овие години откако тие имаат градоначалници, зборувам за Старавина  и Витолиште, колку луѓе се вратени во овие 4 години да живеат таму и која е старосната структура на жителите кои живеат во овие места. Токму поради тоа сметам дека е многу пологично овие места да бидат припоени кон градовите кои се во близина, и поради самиот факт што самите градоначалници и на Старавина и на Витолиште, живеат едниот во Прилеп, а другиот во Битола.  А што се однесува до Старавина, таму живеат 26 луѓе, а и тие многу ретко се во своето место, доаѓаат само во летниот период и куѓите ги користат како викендици.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски имате една минута контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Колку луѓе се вратија и колку е направено во овие длеови на Маријово, како штооди економската политика во моментот, 400 илјади не вработени и продолжување на тој тренд, мислам дека многу брзо, и да не сакаат луѓето ќе ги вратиме таму каде што треба, но не можат ни да се вратат. Ние говориме за селско

стопанство, говориме за сточарство, за земјоделие, а едноставно инфраструктурата , кажав, е пред 1996 година. Некои патишта можеби се правени и 1945 година, а некои има и од Првата светска војна. Сега ако се враиме на тоа дека тоа било основата за да може понатаму и Прилеп и Битола да се грижи за Старавина и за Витолиште, апослутно е неприфатливо. И сами знаете овие 4 години колку работи се направени кои претходно биле само мислена именка дека некој пат ќе бидат направени во Маријово.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски.

Господине Стојаовски , имате некои додатни аргументи.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Да, г-дине претседателе.

Сакам само да дообјаснам во однос на средствата кои се јавуваат како аргумент за да не можат да опстојат овие општибни, па јас би поставил едно прашање по однос н атоа .

Ако тие средства за кои зборуваше минситерот не им се доволни на овие општини за да функционираат како самостојни општини, дали вие мислите дека средствата што ќе ги имаат општините Прилеп, Новаци и Кавадарци се доволни за функционирање на овие општини и ќе има вишок на приходи кои директно ќе бидат насочениза реализација на приоритетите кои ќе ги покриваат останатите потреби односно вишокот на потреби на овие средства за Мариовскит еопштини и дали тие приоритети ќе се однесвуаат баш на тие општини, на кој начин ќе се реализираат тие приоритети и т.н. За тоа велам , до колку Владата даде средства, на пример на општина Прилеп како дотација за реализација на оделни проекти, ја ссум сигурен дека приоритетите нема да бидат Маријово, туку е бидат некои проекти кои се однесуваат директно на градските проблеми со кои се соочува Прилеп , на пример. Ист е случајот со Кавадарци, со Битола и со секоја друга градска средина каде директно градовите тие средства ќе ги насочуваа согласно своите потреби, затоа што е факт дека мнозинството советници, дека градоначалникот ќе потекнува од тие средини. Многу тешко ќе најдете избор на градоначалника на една општина кој потекнува од Маријово, да речеме, или од некоја друга селска општина, а да стане градоначалник на една градска општина во која има повеќе други општини кои

досега беа рурални општини. Од овие причини сметам дека давањето на аргументи во кои еве ние како пратеници, во овој закон воопштонемаме финансиска анализа колку финансиски може да опстои, колку средства се потребни за да опстои финансиски една општина. Ако на пример се работи за опстојување на општина Маврово, колку средства се потребни, колку има приходи за да се покријат тие средства и остатокот на средства кои се потребни за нормално функционирање на општината Маврово, ако ја земем како пример, треба да знаеме од каде ќе се обезбедат. Зачи функционирањето на општините во Маријово не зависи само од финансиските капацитети. Единствено аргументот кој ви држи е дека бројот на населението не соодветствува на првичните критериуми за бројот на населението што треба да го има една општина, а кои се утврдени во првичниот Предлог на закони што донекаде се задржани во овој закон, затоа што имате случаи , во овој закон каде што директно е тргнат на страна критериумот за некои општини, општините да не можат да имаат под 5 илајди жители. Ако веќе специфичнит епотреби од историски аспект на една општина треба да се почитуваат, јас сум за да се почитуваат тие специфични потреби, тогаш географските карактеристики, економските карактеристики, инфраструктурните потреби на Маријово, исто така по таа логика треба да се почитуваат , не зависно од тоа што бројот на населението е под 5 иљјади жители. Од овеи причини уште еднаш сакам да нагласам дека приоритетот ќе го имаат самите тие општини. Тие сами, врз основа на средствата што ќе ги имаат на располагање, ќе знаат како најдомаќински и најефективно да ги потрошат, со цел да ги задоволат своите приоритети и потреби на овие општини. Немојте да очекувате дека Прилеп, Битола или Кавадарци, или незнам кој друг град ќе се грижи многу повеќе за тие општини отколку тие самите, независно. Можам да го истакнам и тоа дека ви гарантирам , и оние средства за кои зборувате, што сега се приходи на општина Витолиште и на општина Старавина, многу тешко ќе се враќаат анзат преку градските средини. Нема во целосен обем да се враќаат средствата што се собирани во тие општини, освен ако Владата не дотира средства кои се наменети за реализација на изградба на конкретни проекти, изградба на пат или незнам што друго, затоа што , факт е општина Прилеп не може да изгради пат од 30 км. за реализација и незнам асфалтирање на пат Старавина-Витолиште-Конопиште. Од овие причини сметам дека навистина има аргументи за да се прифати овој предлог и ако се земаат интенциите кои се во овој закон , сега не зборувам за етничката димензија која е јасна, меѓутоа зборувам за оние други реални аргументи. Навистинасметам дека овој прелдог треба да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Стојановски.

Се јави повторно минситерот за локална самоуправа.

Повелете г-дине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Бидејки отвараме оделни принципиелни прашања околу амандмани што треба да ги расчистиме за понатаму да не ги повторувам за сите амандмани кои се однесуваат на слични илиприближно истиси туации.

Господине Стојановски бидете уверени дека градоначалникот на Прилеп не може да ги земе средствата кои се опредлени за Маријов. Република Македонија води полиитка на поттикнвување на развој на недоволно развиените, пограничните, руралните и економски заостанатите  и ритско-панисснските. Со тој капацитет ќе има многу подобар пристап до фондовите, како на централно ниво, така и до фондовите на ЕУ од кои очекуваме и Република Македонија  во ваквата  територијална организација  ја припремаме за предптистап кон ЕУ, во овој период и откако ќе добиеме одреден статут. Мораме да имаме пристап до структуралните фондови кои нудат рамномерен развој на Република Македонија. Ве уверувам , ни еден градоначалник не може да ги пренеманеи средствата определени за овие подрачја, а плус за Маријово што на ниво на држава е прогласен како регион со природни ресурси во кои треба да се вложуваат огромни средства што немаат капацитет и овие општини. Знаете, во просторниот план , и во електроенергетскиот дел и за Чебрен и за се она што значи развој за земјоделието, бараат странски капитал, капиталкој ќе влегува со целосно регулирање и развој во поголеми размери, не развој на микро подрачја со мали средства и сеуште Маријово да го работиме со плугови. Ве уверувам дека овој развој кој е врз оснвоа на стратегијата и проучувањата, ќе донесе развој  во овој крај и на другите краишта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Топузова имате реплика на г-динот Стојановски.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРОВСКА:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски да ја слушнеме сега репликата на госпоѓа Топузова, а после имате една минута контра реплика н аминистерот и една минута на госпоѓа Роза Топузова.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРОВСКА:

Не ми е јасен аргументот со кој што , меѓу другите аргументи, го бранеше и колегата Блаже Стојаноски, градоначалникот да потекнува од местото каде ќе биде градоначалник и само така ќе се грижи за таа општина. Што значи, ако градоначалникот на Прилеп потекнува од Витолиште? Според мене е многу поважно градоначалникот да живее во тоа населено место каде што е градоначалник , што , како што реков не е случај со овие две општини. А ако живее таму, тогаш сигурно дека поголемо внимание ќе обрне на таа општина. Што се однесува до потеклото и според законот е така деа треба да живее градоначалникот, да е жител на таа општина. Незнам колку тоа се почитуваше за тоа. Но, ако гледаме по потеклото, тогаш голем број на градоначалници не би требало во овој момент и понатаму да бидат градоначалници на градовите кои ги претставуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојановски,првата реплика на минситерот за локална самоуправа.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ако може првата реплика на госпоѓата Топузова.

Ако веќе велите дкеа градоначалникто на општина Витолиште треба да живее во Витолиште, тогаш како градоначалникот на општина Прилеп којсогласнотаа логика треба да живее во Прилеп и да биде постојано ангажиран ворешавање на проблемите и на Прилеп и на сегашнит еопштиниТополчани и Витолиште, ќе биде поефективен во решавањето на проблемите во однос ако има едне градоначалник кој ќе се занимава само со проблемите на Витолиште. Тоа е одговорот на тоа прашање.

Во однос на тоа што го кажа министерот, јас сакам да истакнам дека минситерот малку ги измеша работите затоа што кога зборуваше за приходи од овие општини, тоа значи дека тоа се приходи на буџетот на општината , а буџетските средства се различни од фондовските средства за кои вие зборувате и кои се

наменети за вакви недоволно развиени подрачја, или средства за структурални намени кои ќе значат директна подршка за овие региони. Затоа сметам , до колку една општина има градоначалник, совет, администрација и таа администрација е лоцирана таму каде што треба да се решаваат реалните локални проблеми на населението кое живее таму, е единствен начин да се утврдат приоритетите за решавање, да се реализираат тие приоритети и на најдобар можен начин да се обезбеди пристап и барања и остварување и аплицирање со проекти за користење на овие фондови. Многу потешко ќе биде градоначалникот на општина Прилеп, сега во случајов да прави проекти иза Прилеп и за Тополчани и за Витолиште,отколку градоначалникот на Витолиште заедно со Конопиште и Старавина да ги утврдат приоритетите , да направат проекти ид а аплицираат во сит еоние фондови кои им стојат на располагање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарма г-дине Стоановкси.

Повелете г-дине Најдовски имате збор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Сакам накратко неколку реченици по однос на овој предлог што ми е нелогичен. Но, прво би дал еден свој коментар околу местото на живеење на градоначалницит еи на советниците во овие општини.

Сите ние да си признаеме дека 1996 година и градоначалниците и советниците менуваат лични карти, така стауваа жители за да исполнат законски основ да бидат кандидати таму. Но, тоа енајмал проблем и воопшто за тоа не сакам да разговарам, може некој да се врати и да си живее таму. Јас сакам да кажам зошто е нелогичен овој амандман, разбирајки ја интенцијата на предлагачот, да создаде еден компактен регион.

Сопредложениот амандман фактички наместо компактност се разделува простор и сметам дека владиното решение е поприфатливо од една причина. Имено во амандманот имате предложено, во точка 46 , општина Новаци, зборовите “Брник, Будимирци, Градешница, Груништа, Зовиќ 1, Зовиќ 2 , Ивени, Маково, Орле, Петалино, Рапеш, се бришат. Ако е како што вие овде предлагате г-дине Стојановкси тогаш Битолскито дел на Маријово кај Ниџе и Кајмакчалан го делите на половина по таканречениот францускиот пат.

Вие го одделувате од делот што е пограничен према Грција. Ваквиот амандман ваш усвоен ќе дојде до онаа компактна целина каде што Мариово, напротив, наместо да го обедините, вие да го разделите со она што вие го имате предложено. Сметам дека таквиот начин каков што го предлагате, напротив, за да го постигнете она што го сакате, или пак тогаш требаше да предложите друг амандман, каде ќе бидат опфатени неколку села, да се добие целата целина од Ниџе, Камакчалан. Вака како што го предлагате, предлагате спротивно од она што сакате да го постигнете. Јас не го знам тој дел на Витолиште и Општина Кавадарци односно Општина Конопиште, но овој дел го познавам и вака како што имате предложено е многу погрешно предложено, сметам дека вие правите обратен ефект. Колку и да сметаме ние во тој дел дека општините можат да се развијат се лажеме.Тој дел може да се развие со приватна иницијатива, со вложување во стопанството. Да ви кажам едно и вчера и денеска слшам во тие општини толку се вложувало, онолку се вложувало. И во тој дел вложувале и порано и сега е исклучиво вложувано од Бирото за неразвиени подрачја. Бидете убедени дека сите објекти што се направени се од Бирото за неразвиени подрачја и тие брани и водоводи што ги спомнувавте се правеле и порано и сега само на тој начин. Инаку, друг начин нема. Но ние единствено можеме тој дел да го развиеме со вложување од приватни стопанственици. Немојте да мислите дека општините од тој дел направиле нешто за развој на стопанството. Не треба да се лажеме.

На крајот, би ве замолил да го повлечете, бидејќи со ова правите контраефект и тој дел наместо вака компактен што го предлагате, го разделувате. Еве сега ќе ви кажам едно. Ловното подрачје на тоа што вчера се спомнуваше, риболовното друштво “Кајмакчалан”, со овој амандман вие го делите ловното подрачје на тоа друштво. Значи доаѓате во контрадикторност што вчера некои колеги овде го предлагаа. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Мислам дека не треба толку нервозно колегата да настапува, бидејќи факт е дека во овој амандман е тргнато од постојните општини, односно општините кои што се утврдени со Законот за територијална реорганизација од 1996 година. Тука се влезени општините Старавина, Витолиште и Конопиште, согласно катастарските

граници кои што ги има во однос на постојниот закон. Зошто е тоа така, тоа е друго прашање.

Во однос на целта која што треба да се постигне не е делба на било што, туку зачувување на регионот Мариово, како регион кој има специфична потреба.

Трета работа која што сакам да ви ја одговорам во однос на економската иницијатива, тоа е за да има економска иницијатива треба да има локации за изградба на објекти, треба да имате електрична енергија за напојување, треба да имате телефонски линии, треба да имате патишта по кои што ќе одат тие стопански субјекти, треба да има сообраќајни знаци кои што треба да ги регулираат тие патишта. Значи општините се тие кои што директно влијаат на поттикнување на економската иницијатива и тоа впрочем е внесено во самиот закон за локална самоуправа, каде што директно е утврдена надлежност на општината за економска иницијатива во поглед на локалниот економски развој. Значи немојте да мислите дека некој сам ќе отиде во Старавина и ако нема општина Старавина некој стопански субјект сам ќе ја развие, а ако има општина ви гарантирам дека ќе има многу подобри можности, за некој да го направи тоа. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Најдовски имате една минута.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас знаев дека господинот Стојановски е правник, но дека е видовит и дека може да оценува кој е нервозен, како е нервозен, јас господине Стојановски да ви кажам дека сум од вчера после 20 часот до денеска сум многу релаксиран и знам дека носам исправни потези за македонските граѓани. А накратко да ви одговорам на ова што вие го кажувате. Вие изгледа никгоаш не сте отишле таму да видите во Каталино дали има струја или нема. Во Каталино нема ниедна куќа да знаете. Вие тие места не ги знаете и затоа реков за оној дел што јас го знам, за тој дел ви кажувам и мислам дека колку да сакате да убедувате нешто што нема аргументи на начин кој што вие го предлагате, тоа не може.

Затоа реков доколку сакате да предлагате, тогаш треба постојната Општина Бач нешто да направите, за да има комплетна целина. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски тоа беше контререплика на вашата реплика, вие немате право да одговарате на реплика на контрареплика.

Во Деловникот пишува предлагачот има право пет минути еднаш само да се јави за дискусија. А може ли со тоа да се согласиме. Може ли да усвоиме предлагачот на амандманите и на законот има право еднаш да дискутира по пет минути и тогаш ќе го уважам тоа како предлагачот.

Повелете господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ

Навистина само една реченица ќе кажам, за да заврши оваа полемика помеѓу мене и господинот Најдовски. Целта е уште еднаш ќе повторам зачувување на регионот Мариово, затоа што тој е специфичен регион, голема територија, специфични економски услови, рурарски, шумски богатства кои што треба да се искористуваат, инфраструктура која што треба да се гради и на тој начин сметам дека старосната структура на населението кое што налага потреба од здравствена заштита, од потреба за присуство таму на лекар, на општинска администрација, затоа што немаат можност да патуваат по 50-60 км за да извадат некаква потврда. Тоа е тоа. А во однос на фактот дека вие со чиста совест после 20 часот ќе гласате и ќе го поддржите овој закон, јас би ве замолил да ги запрашате колку е исправен овој закон граѓаните на Струга, на Кичево и тн.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски бев навистина парламентарен, ви дадов збор.

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Некој дали се чувствува релаксиран од пред 20 часот или после 20 часот или после две недели или еден месец ќе ја видиме релаксираноста, но во однос на она што значи реализирање на некои работи што се дадени во Мариово, во последните три години, мислам дека господинот Најдовски апсолутно не може да го порекне сето тоа. Направен е далновод од Прилеп преку Бешиште до селата Градешница, Будимирци, Старавина и Сович. Тоа што никогаш го немало, сега го има господине Најдовски. Направени се и асфалтирани се локални патишта кои што не знам кога

сте биле, а можеби одите на лове гледате како е и што е, но сето тоа е факт дека е направено. Сега вие дали ќе кажете дека било 1945 асафалтирано или сега, тоа е ваше. Мислам многу малку луѓе доаѓаат за жал и не ги знаат новините, а тоа што го говориме енергетскиот потенцијал што го има ова подрачје и како треба да се развива сето ова, тоа мислам е друго прашање. А дека на тој начин како што кажавте дека Битола, Прилеп и Новаци многу повее ќе поведат сметка за развој на овие подрачја го видовме од периодот од 1965 до 1996 година. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас ненмам намера никого да разубедувам или убедувам, но сакам да ја кажам вистината. Овој амандман вака како што е предложен моето мислење беше тоа дека не го постигнува она за што вие овде зборувате. Амандманот не ја постигнува таа компактна целина. Воопшто не навлегуваме во другите работи. Вака како што е предложен ви е погрешен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 9 гласале за, 1 воздржан, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 40-а по точката 40, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Пратеникот Коце Трајановски со неговиот амандман предлага Општината Вратница со одредено проширување да опстои како самостојна општина. Во предлогот на законот кој ви е доставен Општината Вратница, заедно со Општината Јенуговце, прават општина Јегуновце, нова општина со вкупно 10.790 жители од кои 55% се македонци, а 43% албанци.

Досегашната структура на Општината Вратница се состои од 3.563 жители од кои 38% македонци, 61% албанци.. Во делот на стопанските субјекти во Враница има 11 стопански субјекти и вкупно вработени 134 лица.

Сметаме дека врз основа на критериумите Општината Вратница не може да опстојува самостојно и затоа е понудено решение во кое во идниот нејзин развој треба да се подобри инфраструктурата, односно сообраќајната мрежа за нивно поврзување и сметаме предложената општина Јегуновцде нуди оптимални услови за разво ја граѓаните од тоа подрачје, затоа амандманот на Коце Трајановски не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Ќе се обидам да го убедам министерот дека е оправдано Општина Вратница и понатаму да биде самостојна општина во рамките на Република Македонија нормално, бидејќи сметам дека нејзиното опстојување од 1996 до денеска 2004 година, мислам дека има многу показатели, кои јасно укажуваат дека оваа општина, доколку и понатаму остане како посебна општина, ќе има поголем развој, отколку доколку се спои со Општината Јегуновце.

Мислам дека прво е неприродно да се спои со Општината Јегуновце, бидејќи директната врска меѓу тие две општини во делот каде што се спојуваат нема патна мрежа, или е многу лоша, се минува низ карпест терен, што бара огромни средства тоа да се направи. Инаку природната врска меѓу Општината Вратница и Општина Јегуновце кои што сега ќе претставуваат една општина со центар во Јегуновце, сметам дека не е природно порди тоа што за да се стигне до Јегуновце треба да се помине низ Теарце, значи надвор од патот од Општината Јегуновце, т.е. населеното место Јегуниовце надвир од патот Вратница-Тетово низ кјој има постојан автобуски пфренос и сл., така да граѓаните на Општина Вратница доколку сакаат да ги остваруваат своите права од аспект на локална самоуправа, ќе мора да бидат надвор од тој пат и да се движат надвор од патот се до населеното место Јегуновце, како би ги оствариле тие права во седиштето како предлог новоформирана Општиа Јегуновце и Вратница.

Она што сакам да го кажам исто така и од економски аспект, од аспект на патната мрежа и од аспект на природната врска за споивост на тие општини, бидејќи секогаш еден од критериумите беше, ако се спојуваат две општини, тогаш седиштето на новоформираната општина да биде поблиску до големиот центар, до поголемиот град, а тоа е Тетово.

Значи, сметам дека тоа што го кажав многу држи и направи големи проблеми, навистина големи проблеми на сите жители на Општина Вратница од сите седум населени места, за да можат да комуницираат со седиштето на општината, т.е. со населеното место Јегуновце.

Од економски аспект сметам дека исто така треба да опстои, бидејќи располага со голем шумски фонд, со вештачко езеро, со огромен воден потенцијал. Значи се работи за една општина која што навистина природата била многу издашна и со тоа се даваат големи предулови за опстојување на
оваа општина преку искористување на овие природни ресурски.

Покрај тоа има и два рудника за камен, две сепарации за песок, една фабрика за градежен материјал за бетонски производи и исто така тука е граничниот премин Јажинце према Косово, што исто така не би требало да биде занемарено, значи се работи за една погранична општина која навистина сметам дека треба да ја расвиваме, и со тоа нашите граници да бидат и посигурни.

Единствен критериум што сметам дека тука употребен, а тоа е бројот на жители дека е помал од  5.000, меѓутоа, гледајќи го предлогот, мислам дека има повеќе од десетина општини во кои што бројот на жители е помал од 5.000, а сепак тие се во новиот предлог во втората фаза, сепак се предложени како посебни општини во  Република Македонија.

Значи, исто така сакам да напоменам дека  со егзистирањето на оваа општина од 1996 до  2004 година, значи два изборни мандата, во овие седум населени места или шест ако Орашје Долно и Горно се смета за едно, како што гледам во стариот Закон од 1996, значи шест села. Значи сите шест или седум населени места, изградени се водоводи има кредит од КАРС програмата за канализација во село Вратница, сето зборува за  една иницијативност на жителите на локалната самоуправа на оваа општина, се со цел да се подобрат условите на живеење во овие шест населени места, а со тоа населението да се задржи во овие населени места, да не  мигрира према големите градови и со тоа да се сопре миграцијата или опостушувањето на нашите села.

Како што кажа и министерот националниот состав е мешан, повеќе се албанско население отколку што е македонско население, меѓутоа, тоа воопшто во моментот не е значајно. Значи од тој аспект ако некој смета дека е ова од аспект на националната структура, значи мојата дискусија не е по тој основ, туку е по основ мојата определба, мојот начин на размислување, со оглед на тоа што и јас потекнувам од една новоформирана општина од 1996 од Илинден во која што се големи разликите пред 1996 и 2004 година и навистина сум го почувствувал мигрирањето кон големите градови, спрема населените меса кои се на периферија во тие градови.

Во овој случај, исто така, мислам дека Вратница навистина ќе биде запоставена во однос на Јегуновце. Бидејќи и патната мрежа е подалечна и тое се на крајот од општина Јегуновце застанати.

Поради тоа, сметам дека е сосема природно оваа општина да опстане како самостојна општина и од економски и од природен, па да не речам и од национален интерес за Република Македонија.

Мислам дека нема да биде на товар на државата, напротив, ќе продолжи и ќе се зголеми иницијативноста со добивање на поголем број на донации, а со оглед на тоа што е погранично место, сметам дека треба да има и посебен третман во развојните програми на Република Македонија и сето тоа многу јасно говори дека општина Вратница треба да биде самостојна општина и понатаму, а не да згасне по 8 години успешни, според мене, на нејзиното постоење и егзистирање во списокот на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија.

Според тоа, би апелирал до пратениците, прво до министерот, доколку со мојата дискусија успеав да го убедам да го прифати овој амандман и со тоа Вратница да биде посебна општина, доколку не успеав да ве убедам со мојата дискусија, би апелирал до колегите пратеници од позицијата да најдат разбирање да го изгласаме овој амандман и општина Вратница да остане понатаму општина во списокот на единиците на локална самоуправа на Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, господа министри, колеги пратеници,

Би сакала накратко да го кажам своето видување односно мојата заложба да успеам да придонесам да размислат колегите дали треба да гласаат за опстојување на општина Вратница или повторно да се отфрли овој амандман.

Она што кажа господинот министер дека општина Вратница, има 3.563 жители, мислам дека демографскиот критериум не може да биде основ за непостоење на општина Вратница, бидејќи имаме повеќе од 14 општини кои се под 5.000 жители и затоа ќе се обидам да посочам некои аргументи зошто општина Вратница и понатаму треба да опстојува како самостојна општина и покрај новите ингеренции што општините ќе ги преземат од централната власт кои се предвидени со новиот закон за локална самоуправа.

Прво ќе кажам дека сите граѓани на општина Вратница, сите претставници на политичките партии и сите месни заедници кои се во склоп на општина Вратница се за опстојување на општина Вратница во сегашните граници затоа што до сега во периодот на опстојување на оваа општина значително е подобрена инфраструктурата и условите за живот во сите населени места во овој период откако постои општина Вратница, за разлика од периодот кога беше во склоп на поранешна општина Тетово.

Исто така со постоењето на општината, барем во одреден временски период е сопрена миграцијата село-град и миграцијата односно масовното исеелување на граѓаните во западноевропските држави посебно САД.

Општина Вратница е мултиетничка општина во која живеат македонци, албанци и срби кои взаемно се почитуваат, а како доказ за тоа е воената криза во 2001 година во која иако општината се наоѓа на самата граница со Косово немаше воени дејствија ниту воени ниту цивилни жртви.

Една од причините за обезбедување на мирот во овој регион е постоењето на општина Вратница и менаџирањето на кризата од страна на претставниците на општина Вратница со скоро секојдневни состаноци и разговори со граѓаните за смирување на состојбата.

Почитуван господине претседателе, јас би сакала, доколку може господинот министер да не следи, бидејќи навистина се работи за судбината на граѓаните на општината Вратница, за џабе не зборуваме пратениците, навистина молам за внимание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете госпоѓо Бонева, вниманието треба да биде обострано.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Ќе се обидам сосема накратко да го повторам тоа што го кажав, а што не го слушна господинот министер. Мислам дека е многу битно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас тука не можам ништо да ве попречам, самите пратеници кои користат прилика да зборуваат со министерот сега..

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сега господине министре кажав дека општина Вратница  е мултиетничка општина која иако..

(Пратеникот Јани Макрадули од место и сугерира да излезе на говорница и министерот ќе ја види).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам без возбудување продолжете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Посебно сакам да нагласам и ќе го повторам тоа дека една од причините за обезбедување на мирот во овој регион е постоењето на општина Вратница и менаџирањето на кризата од страна на претставниците на општина Вратница со скоро секојдневни состаноци и разговори со граѓаните за смирување на состојбата во времето на кризата во 2001 година.

Во општина Вратеница во моментот живеат околу 3.500 жители, меѓутоа свое право на глас, свој имот и куќи имаат голем број на наши иселеници во САД и западноевропските земји, а само од општинскиот центар Вратница во Детроит живеат 2.500 жители.

Ако стратегиска цел на државата треба да ни биде привлекување и враќање на нашите луѓе на родните огништа, треба сериозно, повторно ќе кажам, да се размисли за опстојување на општина Вратница.

Општина Вратница  сигурно ќе одговори на сите ингеренции и предизвици кои се дадени со новиот закон за локална самоуправа, а како аргумент за тоа се постоечките стопански и трговски капацитети на територијата на општина Вратница кои успешно работат и се гаранција за стабилна општина, како и интелектуалниот потенцијал на општината кој се состои од различни профили инжeнери, доктори, професори, правници, економисти и друг стручен кадар.

Општина Вратница располага со солидна инфраструктура и тоа: сопствена општинска зграда со соодветен инвентар, културни домови во Вратница, Беловиште, Рогачево и Старо Село, развиена патна мрежа до секое населено место, нови водоводи во секое населено место, централно основно училиште во Вратница и

подрачни училишта во сите останати населени места. пошти во Вратница и Јажинце, амбуланти во секое населено место, како и угостителски објекти и спортски терени кои се предуслов за развој на овој регион.

Со обезбедување на одредени предуслови во државата пред се од безбедносен аспект многу граѓани кои живеат во странство најавуваат свои бизниси и инвестиции во општина Вратница со што би се забрзал развојот на овој, а за таа намена постојат извонредни предуслови затоа што во рамките на општината постојат рудници и рудни богатства, природни ресурси, шуми, води, пасишта и услови за брз развој на следните дејности: земјоделието, сточарството, туризмот, ловот и риболовот, дрвната индустрија, угостителството и тн.

Во рамките на општина Вратница, како што кажа и мојот колега се ноаѓа граничниот премин Јажинце кое е спој помеѓу Македонија и Србија и Црна Гора, полициската станица во Вратница, како и караулите во Рогачево, Јажинце и во оласта Кајчиновец на македонско-косовската граница кои се од огромно значење за безбедноста во овој регион и на кои институции не би им било сеедно дали ќе постои општина Вратница затоа што и во време на воената криза и во миролјубиви услови постоеше и постои извонредна соработка помеѓу општината и овие институции.

Ова се само мал број на аргументи зошто треба да постои општина Вратница во сегашните граници, а најсилниот аргумент почитувани дами и господа претставува желбата на граѓаните од општина Вратница, без разлика на нивната верска, етничка или политичка припадност за опстојување на општина Вратница во сегашните граници затоа што нејзиното опстојување значи опстојување на општината во овој нестабилен и несигурен регион за живот за кој државата треба да создаде услови за мирен и достоинствен живот на секој граѓанин.

Ако, почитувани дами и господа, заложбата за мултиетничкото живеење не ви се само декларативни, тогаш ќе гласате навистина за опстојување на општина Вратница како општина во која традиционално луѓето живеат во етничка хармонија.

Ако имате долгорочна стратегија за развој на пограничните општини ќе гласате за опстојување на општина Вратница, пред се, заради стратешки, безбедносни цели.

Затоа почиувани дами и господа ве повикувам во интерес на граѓаните на општина Вратница да гласате за опстојување на општина Вратеница. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Молам, кој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат внатре, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеника, 9 гласале за, нема воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 41-а по точката 41, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има министерот за локална самоуправа.

Повелете господине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, најпрвин ми е жал што овие амандмани кои претставуваат една целина ги поднесов заедно 7 амандмани кои се однесуваат на територијалната организација на регионот на Тетово и ова е само еден од овие амандмани со кои сакам да укажам на министерот и на Министерството за локална самоуправа дека општина Тетово, односно регионот Тетово треба да биде организиран на следниот начин градот Тетово да биде како градски центар, како посебна општина и другите општини како што се општина Џепчиште, Голема Речица со седиште во село Голема Речица и општина Шипковица да опстојат како посебни општини.

Зошто го сметам тоа дека е потребно и дека е вистинско решение, бидејќи градот Тетово е град со долгогодишна традиција и еден од големите административни и индустриски центри во Република Македонија, општина Тетово која би го опфатила само градот Тетово би претставувала урбана средина во која на вистински начин би се артикулирале интересите на граѓаните и во вистинска смисла

ќе се изрази мултиетничноста на градот и би се елиминирала мајоризацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева ако може да ве прашам. Бидејќи вие дискутирате од прилика по сите ваши 7 амандмани..

СИЛВАНА БОНЕВА:

Да објаснам зошто барам Голема Речица да биде ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа ве молам вашиот амандман е сега општина Голема Речица со седиште во село Голема Речица и дискутирајте за тоа. Кога ќе дојдат другите амандмани во врска со Врапчиште..

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сакав да имат слика и пратениците зошто се предлага овој амандман. Овој амандман е дел од целокупната организација на тетовскиот регион. Зошто предлагам? Предлагам од овие причини населените места Голема Речица и Мала Речица да оформат нова општина со седиште во Голема Речица, бидејќи постојат сите предуслови (галама во салата, претседателот ги опоменува) ако како параметри се земат економскиот развој на тие населени места, бројот на населението и инфраструктурата која постои во тие средини.

Повторно ќе кажам, убедена сум дека она што претставува пракса во повеќе високоразвиени земји, руралните средини да си имаат свои општини и да си ги застапуваат интересите на граѓаните навистина да се остваруваат на најдобар начин, а градските средини да можат да се развиваат непречено.

Токму заради тоа се предлага овој амандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Три минути реплика за господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Пратеничката Силвана Бонева доаѓа од Струмица, би можела да не убеди да гласаме за овој амандман ако ни објасни која инфраструктура ја има Речица при нејзината последна посета кога била таму, да ни објасни некои елементи што ги има таму што ги видела за да можеме да знаеме како да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика за госпоѓата Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине Макрадули ние сме сите пратеници на граѓаните на Република Македонија и ако од нас побара населението односно граѓаните кои се од тетовскиот регион дека најдобро решение за тетовскиот регион е она што пред малку го искажав, наше е да ги застапуваме интересите на граѓаните. Мислам дека и вие како пратеник, ако кај вас се обратат граѓани од тетовскиот регион и бараат на овој начин да биде решена територијалната организација, вие треба да ги застапувате интересите на граѓаните кои тоа го бараат од вас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Трајановски процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, би сакал процедурално да реагирам на координаторот на СДСМ. Овие податоци треба да ги бара предлагачот на законот, бидејќ во Предлогот на законот никаде не стои ни инфраструктура ни ништо освен жители и структура. Ништо повеќе за ниту една општина. Според тоа, тие податоци нека си ги бара предлагачот на законот. Вакви провокативни прашања ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски ова не е процедурално, вие не можете да му се обраќате на координаторот, тој имаше реплика, се извинувам, ве прекинувам, господинот Макрадули бараше аргументи кои се изнесуваа за Витолиште, Мариово, дали тие аргументи ги има госпоѓа Бонева. Госпоѓа Бонева одговори како што одговори. Нејзиниот одговор е прифатлив. Јас мислам дека не е тоа процедурално.

Повелете господине Макрадули имате збор.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Сигурно ни е дозволено да зборуваме по амандманите, бидејќи е ова интересен амандман каде се предлага општина Голема Речица со седиште во Голема Речица и бидејќи граѓаните од Речица и се обратиле на Бонева ние сакаме да добиеме информација како пратеничка група за инфраструктурата што ја има таму при нејзината посета кога била таму и кога разговарале со граѓаните од Речица за да одлучиме како да гласаме. Го имаме тоа право да побараме дообјаснување за амандманите. Незнам што е страшна работата.

Тоа што овој амандман е алиби и тоа што овој амандман води кон етнички енклави, тоа е друга работа, за тоа ќе зборуваме на крајот, но сега да се кажуваат исти аргументи за сите општини што ги предлагате, па во немање на општини, бидејќи се 123, за да го напумпате бројот на амандманите вие почнавте да ги додавате и таму кај треба и таму кај не треба, сега се интересираме да прашаме за

кој економски развој и со која инфраструктура се предлага или во консултација со граѓаните од Речица се залагаат за општина Голема Речица и не гледам што е проблемот за да се возбудува координаторот на ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Даневски, имате реплика?

Процедурално.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, пратениците се пратеници на цела Македонија 24 часа, тие се професионалци, вие така рековте.

Во однос на тоа што господинот Макрадули апелира дали госпоѓата Бонева била во Мала Речица или не, мислам дека ако го повикаат Макрадули да отиде во Струга и да им ја објасни ситуацијата или во Кичево, верувам дека и тој ќе отиде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, ова не е процедурално. Јас се согласувам со тоа дека пратениците се за цела Македонија. Јас тоа го објаснив, како што го објаснив зошто господинот Макрадули побара за да биде убеден да гласа како што госпоѓа Бонева одговори, тука немаме недоразбирање. Тоа е завршено. Госпоѓа Бонева одговори како што мисли дека треба да одговори.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 10 гласале за амандманот, нема воздржани, 55 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам пртрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 42-а, по точката 42 поднесенод пратениците Илија Србиновски и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот од пратеникот Илија Србиновски, со кој се предлага општината Добрушево да опстои и понатаму како самостојна општина, а во Предлогот на законот што ви е доствен општината Добрушево заедно со општината Моѓила, две

општини што имаат слични проблеми и слични дејности ги окрупнуваме и сметаме дека таквото окрупнување на овие две општини би дало подобри, покрупни услуги на граѓаните како земјоделско-рамничарско подрачје.

Инаку, општината Добрушево има 2174 жители, вкупно вработени околу 40-50 лица, со основни средства по жител се многуј мал процент и сметам дека таквото организирање нема да нуди подобри услуги на граѓаните.

Затоа, амандманот се одбива.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е одбиен.

Повелете, г-дине Србиновски имате збор.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам, г-дине пртседсателе,

Дали треба да опстане општината или не, мислам дека треба да опстане општината Добрушево, затоа што кога се направија овие селски општини, да речам, се е подобрено во тие општини и затоа ќе кажам во Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, бидејќи не сме задоволни од укинувањето на нашата општина Добрушево, во прилог ќе наведам некои аргументи со кои сакаме да ја потврдиме оправданоста на општина Добрушево.

Општината Добрушево зафаќа површина од 98 км2, и точно брои 2175 жители, според пописот од 2002 година. Во нејзиниот состав има 10 населени места. Инаку, се наоѓа на оддалеченост од градот Битола на околу 50 километри. Според нејзината географска положба општината Добрушево во целост ги исполнува условите и натаму да функционира како самостојна единица на локалната самуправа. Тоа го поткрепуваме со податокот дека во општината Добрушево започнат е процес за формирање на мали и средни претпријатија што би значело економска оправданост на општината, како засебен субјект, а сигурно има голем придонес и во нејзиниот развој за живеење. До сега се формирани такви мали и средни претпријатија околу 20-тина. Исто така, според ресурсите што оваа општина ги поседува има добри услови за индустриски развој како и за развој на сточарството и на земјоделието.

Општината Добрушево има некаде околу 9300 хектари вкупна аграрна површина, од која обработливо земјиште е само 7100 хектари, а 2000 хектари пасишта, шуми 140 хектари, од кои сточниот фонд на општина Добрушево изнесува

околу 3200 грла крупен добиток, 10 илјади грла ситен добиток и 50 илјади грла живина.

Во контекст на ова ги спомнуваме и преговорите за вложување на странски капитал во општината. Конкретно, станува збор за текстилен капацитет.

Во однос на самофинансирањето во општина Добрушево го наведуваме фактот дека околу 400 луѓе се вработени во РЕК Битола, 50 во ЗИК Пелагонија и работат околу 20 приватни претпријатија.

Откако постои општина Добрушево, во многу сегменти имаат заземено значајни зафати во насока на подобрувње на животот на населението во овој регион. Има значајни интервенции на инфраструктурни објекти, пасишта, мостови, улици, водовни мрежи, улично осветлувње. Реконструирани се сите училишни згради, амбуланти, а изграден е и објектот на Домот на културата во село Добрушево во општината.

Со сето ова, откако постои општината Добрушево процесот на миграцијата село-град е целосно запрена. Значи, откако постои оваа општина, миграцијата е целосно запрена. Наведуваме што е се конкретно сторено во општина Добрушево:

Изградени се водоводни мрежи во селата Ношпал, Мојно, Трап, Будаково, Дедебалци. Извршена е реконструкција на водоводот во Радобор, Трап. Изграден доводен цевковод, а во селото Будаково кој е во изградба и веќе сега, деновиве се чека да се пушти. Изградени се улични осетлувања во селата Ношпал, Мојно, Црничани, Путурус, Трап, Будаково, асвалтирани се улици во селата Добрушево, Ношпал. Тампонирање, опесочување на улици извршено во селата Мусинци, Добрушево, Ношпал, Дедебалци, Црничани, Путурус, Трап и Будаково. Во селата Добрушево, Мусинци, Будаково, Дедебалци, реконструирани се училишните згради. Стари објекти се реконструирани во селата итн.

Од местоположбата, односно географската поставеност на населените места што влегуваат во општина Добрушево, сосема е видливо дека освен Добрушево тешко би функционирал друг општински центар заради оддалеченоста. Граѓаните на општина Добрушево не прифаќаат друга алтернатива, затоа што тоа би значело патување многу километри, изложување на големи трошоци и малтретирања. Треба да се има предвид и фактот дека новите општини ќе преземат голем број надлежности, а со тоа ќе извршуваат и голем број на административни услуги на граѓаните. Токму од тие причини административниот центарт на општината треба да биде пристапен на сите граѓани.

Со новиот концепт на територијалната распределба, спротивен на процесот на Децентрализацијата на власта, всушност се заговара процес на повторна Централизација на власта. Со вака поставениот концепт таа се повеќе се оддалечува од граѓаните, намето да им се доближува.

Во рамките на активностите на натамошното опстојување на општината Добрушево, веќе се преземени активности, остварени се контакти со граѓаните од сите населени места кои припаѓаат на општина Добрушево, одржана е седница на Советот на оштина Добрушево и донесена Одлука за референдум. Од тоа, референдумот е јасен.

Од сето ова што го наведовме, од вкупното расположение на граѓаните на општина Добрушево се надеваме дека Владата и министерот на Република Македонија, Македонскиот Парламент ќе бидат убедени во оправданоста од нејзиното постоење и нема да дозволат укинување на оваа општина. Во спротивно, тоа ќе значи вистински крај за животот на населението во општина Добрушево. Навистина треба да сватите дека општина Добрушево, 50 километри оддалечена од Битола, па и од Моѓила 20-тина километри, мислам дека на граѓаните од ова население ќе имаат потешки проблеми. Затоа токму оваа општина била и треба да опстане како општина Добрушево.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Жерновски имате реплика или барате збор?

Повелете, имате три минути.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Г-дине Србиновски,

Со големо внимание ги ислушав Вашите аргументи за да општина Добрушево остане засебна општина. Меѓутоа, сакам да ве прашам како тоа сметате да не убедите нас, од пратеничката група на ЛДП да го изгласале овој амандман, кога вие не можете да го убедите вашиот пратеник, кој ви се приклучил г-динот Груевски не да ви гласа за ова, туку да биде присутен на оваа седница.

Би сакал да ми одговорите на ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, г-дине Србиновски, имате една минута контрареплика.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Мислам дека г-дине пратениче Жерновски не е ваша работа да коментирате кој ќе прдлага. Јас сум предлагач на овој закон, иако ме придружи г-динот Никола Груевски, но на овој амандман сум предлагач. Целосно го искажав начинот според кој треба да опстане оваа општина Добрушево и ние како ВМРО-ДПМНЕ рековме, заседовме став дека треба да опстанат сите 123 општини. Тоа е предлог на нашата политичка партија на ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам пртресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 13 гласале за, нема воздржани а 47 против амандманот.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници)

Во времето кога се гласаше за амандманот, во салата беа присутни 69 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б), за бришење на точка 44, поднесен од пратениците, Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

Повелете.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуваните пратеници нудат повеќе варијанти за организирање на општината Прилеп со придружните општини. Со овој амандман се предлага укинување на општината Долнени. А, бидејќи е претседателот дел од ВМРО ДПМНЕ, потписник и почитуваните пратеници тие во основа, со ова докажуваат дека нивниот концепт што гонудат и со кој што укажуваат дека треба да бидат 123 општини, дека не е концепт што доследно и аргументирано може да се брани. Што значи дека од

123 општини, една општина што ги исполнува целосно условите да продолжи во интерес на граѓаните, предлагаат да се укине.

Од тие аргументи овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен, повелете г-дине Стојановски, образложете го Вашиот амандман.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам пртседателе,

Господине министре, еве ви прилика дај покажете дека сте доследни во искажувањата и да ги искористите истите оние аргументи со кои што ме убедувавте дека не може да се формира општина Мариово или општина Витолишта и да опстои затоа што градскиот центар ќе се грижел повеќе и затоа што градскиот центар можел да изврши многу подобра организација за реализација на локалните потреби на населенијата од овие општини.

Меѓутоа, за жал, ме разочаравте овој пат. Зборувате сосема спротивно од она што го кажавте пред малку по однос на претходниот амандман, а целта на овој амандман да се види непринципиелноста или нееднаквиот пристап кон формирањето на општините.

Имено, ако за општина Долнени, што до 1996 година заедно со општините Кривогаштани, Тополчани и Витолиште беше дел од општина Прилеп, сега, после 1996 година, се формира како посебна општина, заедно со осебните општини тогаш формирани Доленини, Кривогаштани, Тополчани и Витолиште, сега имате случај во кој што за кривогштани се предлага да остане самостојна општина, што е сосема логично, сосема нормално и разбирливо, затоа што тоа е истиот пристап за кој што јас се залагам цело време.

Втората опција ви е општина Тополчани каде што имате турско население, и таа се укинува и се припојува кон Прилеп.

За општината Витолиште зборувавме претходно. И таа ја припојувате кон Прилеп, меѓутоа пристапот за општина Долнени е сосема различен. Општина Долнени, во овој предлог ја спојувате со општина читоше која што до 1996 година беше во склоп на општина Крушево а од 1996 годиа, до денеска таа е посебна општина. Од овие причини што ги кажав, имајќи предвид дека традиционално во однос на сите параметри, што претставуваат некои критериуми, што велите дека се

почитуваат со овој закон, општина Долнени, логично е или да опстои како самостојна општина или да се припои кон општина Прилеп. Овој амандман што сега го разгледуваме е амандман со кој што се предлага општина Долнени да се припои кон општина Прилеп, врз основа на истите оние критериуми што вие ги браневте пред малку, а кои што се однесуваат на останатите две општини.

Ако зборуваме за економски капацитети, слична е состојбата и во општина Долнени и во општина Тополчани. Во однос на население, таму навистина може да се каже дека општина Долнени претставува пример за мултиетничка општина каде што на најдобар можен начин се гради заедничкото живеење на турската заедница, на босанската заедница, на албанската заедница и на македонците кои живеат таму. Никогаш немало проблем и се си тече најнормално. Зошто да се нарушува нешто што толку долго време функционирало како што треба.

Од друга страна, имајќи предвид дека потребата за градски центри ја искажавте вие, еве ви можност да прифатите градскиот центар да може да придонесе за зголемување на финансиските средства, за зголемување на поткрепата што треба да ја дава на селските општини, како што претставува општината Долнени.

Затоа, од овие причини и не само од овие, по однос на другите амандмани сакам малку повеќе да се задржам на ова прашање, меѓутоа, со овој амандман добивате општина Приклеп заедно со општините Витолиште, Тополчани и Долнени и добивате самостојна општина Житоше.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи се јави г-динот министер, пред репликата, има збор министерот за локална самоуправа.

Повелете г-дине министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Стојановски,

Кога се зборува за принципи, секоја општина, секое подрачје, секое село си имаат свои карактеристики. Наша цел е да ги организираме во интерес на граѓаните.

Вие зборувавте за општина Витолиште со 400 жители, со ресурси, зборувате за општина Долнени, со 11.583 жители со ресурси, со капацитети, врз основа на новите надлежности треба на граѓаните да има ја приближиме власта да одлучуваат. Принципот на приклучување на одредени општини што немаат свој

развој, свои капацитети кон градските јадра е принцип и во теоријата и во праксата, да го подобриме интересот на граѓаните.

Вашите амандмани не држат и незнам од кои причини, несфатливи за граѓаните кои живеат во овие општини ги поднесувате, а немате аргументи во никоја смисла и самите да одбраните барем минимум. Вашите аргументи за една општина со друга општина е онолку колку што е разликата меѓу едната и другата во бројот на жителите. Толку пати е таа разлика и неспоредлива е.

Би сакал да укажам г-до пратеници, немојте да споредувате една општина со друга. Правиме напори во рамките на можностите, во рамките на условите на критериумите кои што се наброени, да направиме општини што ќе нудат подобри услови. Тоа е основната цел. Имате, вакви амандмани не се во интерес ниту на граѓаните, ниту на пратениците, ниту можат да се бранат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Г-дине Стојановски сакате да ги слушнете другите реплики или ќе одговорите веднаш со контрареплика?

Повелете, имате една минута за контрареплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас се согласувам дека општина Долнени има капацитет да опстои како општина. Тогаш, прифатете го тој предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Сега одиме на реплики.

Г-дине Гешоски, повелете имате три минути.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Благодарам претседателе.

Колега Стојановски, навистина се обидувам вчерашните и денешните ваши амандмани да најдам кој бил принципот, критериумите што ве воделе тогаш кога сте ги поднесувале. Бидејќи, поднесувајќи го овој амандман зборувавте и за амандманите поднесени за Витолиште и за Тополчани. Јас ќе се обидам во овие три

минути да ви реплицирам на сите тие теми, бидејќи навистина не можам да најдам логика, а голем дел од тоа што сакав да го кажам го кажа и г-динот министер. Бидејќи вие навистина споредувате општини што не се споредуваат. 400 со 2000 жители, 11 илјади жители. Од она што можам да го заклучам испаѓа дека единствениот принцип што ве водел е да исполните некоја партиска задача и норма да поднесете толку многу амандмани, со кои што амандмани ќе ја блокирате работата на Собарнието и ќе правите опструкција, се со цел да не се донесат законите во временскиот рок. Односно, единствениот принцип би бил да се оди контра сите предлози што ги предложила Владата.

Дека вашите амандмани се апсурдни, контрадикторни и безпредметни најдобро зборува подоцна амандманот кој што треба да биде на дневен ред каде што во општина Тополчани вие сте го испуштиле најголемото село, односно селото Канатларци и еден амандман без најголемото село во општина Канатларци верувам дека не е од некакви си национални предрасуди, бидејќи во ова село живеат повеќе жители од турската заедница, дека станува збор за техничка грешка. Ви препорачувам доколку имате доблест да ги повлечете ваквите амандмани, да го одблокирате процесот и да се посветиме повеќе на оние закони кои што значат суштинска децентрализација односно придобивки за граѓаните од она што значи силна локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам,  не дофрлувајте од место. Коментарот на г. Гешоски беше во однос на апсурдноста на амандманот и што тоа произведува. По негово мислење постои апсурден амандман. Јас не можам да му го ускратам мислењето. Јас ниту ускратувам мислење и зборови на позицијата, ниту на опозицијата.

Повелете господине Стојановски одговорете со една минута на овие размислувања.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Најпрво сакам да му се заблагодарам на г. Гешоски за тоа што увидел дека има техничка грешка и навистина тоа е техничка грешка. Јас сеуште немам сознанија дека тоа село не е пишано. Значи, целта беше опстојување на општина Тополчани со сите населени места кои што ги имаше до денес. Меѓутоа за тоа ќе разговараме кога ќе дојде на дневен ред тој амандман. Јас би поставил едно друго

прашање. Зборувате за критериуми, зборувате за суштинска децентрализација, а велите дека територијалната организација претставува нешто кое што ние сме го блокирале. Зошто да не преминеме и зошто не гласавте вчера да прифатите прво да се донесат законите кои што се однесуваа на суштинската децентрализација, па после тоа да разговараме за територијалната организација. Значи, целта не ви е суштинска децентрализација само како таква, туку целта ви е пред се утврдување на граници кои што произлегуваат од политички договори помеѓу политичките партии СДСМ и ДУИ и на тој начин апсолутно не држи фактот дека се почитувани критериуми при утврдувањето на овие граници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Сега се двоумам дали да реплицирам, бидејќи господинот Блаже Стојаноски призна дека тој не ги пишувал амандманите, бидејќи не ни знаел дека тоа било испуштено, како што рече го цитирам. И практично се поставува уште еднаш прашањето чии интереси застапуваат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Значи, да повторам, не знам чии интереси застапуваат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи ако ги застапуваат интересите на граѓаните од одредено подрачје, или граѓаните на Република Македонија, тогаш тоа треба да го прават принципиелно и конзистентно без да знаат или предвидуваат каква ќе биде судбината на амандманите, затоа што апсурдноста на амандманите и тоа што напомена малку мојот колега Гешоски. Во еден амандман што вчера го поминавме пишува: спојувањето на руралните со градските средини е проблем бидејќи целосно се разликуваат и во досегашното искуство се покажало дека таквото спојувањ секогаш било на штета на руралните средини и нивните жители. Во денешното образложение, бидејќи тоа се аргументи кои треба да ги разговараме, образложение по амандманите. Истиот колега Блаже Стојаноски поддржан од Никола Груевски и Жарко Караџоски пишува: со овој амандман се предлага сите населени места во околината на градот Прилеп да влезат во една општина со што ќе се добие ситуација во која сите населени места ќе имаат еднаква застапеност во градската локална самоуправа при решавањето и одлучувањето за интересите на руралните средини, од друга страна и градот ќе може полесно да ги спроведува одлуките на локалната самоуправа зошто тие ќе важат за територијата на целата општина. Трагично е вака да се застапуваат

интересите на Република Македонија и на граѓаните на Република Македонија. А како ги застапувате најдобро вчера го почувствувавте тоа.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине Макрадули, трагично е што Владата поднесе ваков предлог на закон, затоа што пред малку можевте да слушнете дека имавме предлог опстојување на рурални општини, беше одбиен од страна на Владата со образложение дека градот подобро ќе се грижи за нив. Сега имаме предлог спојување на рурална со градска општина. Владата вели дека тоа не е критериум што треба  да се почитува и во овој случај. Значи, ако некој не почитува критериуми, тоа е Владата на Република Македонија, затоа што кога се работи за Кичево на пример зборуваат дека по 4 години ќе ги остварело Кичево критериумите, а сега сеуште ги немало остварено, за да биде една општина, или обратно за Струга. Значи, се работи за политички договор кој што е напишан во овој закон. И затоа немојте да не обвинувате нас како опозиција, затоа што сакаме врз основа на реални критериуми да дојдеме до адекватни решенија кои што ќе ја остварат целта, реализација на локалните потреби на населението кое што треба да живее во тие општини.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Јас не би се повторувала, затоа што дел од она што сакав да го кажам веќе го кажа и мојот почитуван колега Гешоски. Меѓутоа, сакам да дадам еден сосема мал прилог во непринципиелноста и нелогичноста на излагањата и аргументите со кои што колегата Блаже Стојаноски го брани укинувањето на општина Долнени и особено со споредбата со општина Тополчани. Меѓу другото тој рече што се однесува во однос на населеноста дека помеѓу овие две општини е слична. Ако 11. 580 жители и 2.928 жители се слични, понатаму јас немам што да коментирам. Ве молам, бирајте ги барем аргументите кои што се поткрепени со цифри, затоа што барем цифрите многу едноставно е да се проверат.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Многу лесно се проверуваат цифрите. Општина Кривогаштани опстојува со ист број на жители, општина Долнени се укинува, а има исто толку број на жители, иста територија, сличен број на население. Која е причината што општина Долнени се укинува и на неа се додава општина Житоше, односно постои како општина, меѓутоа не во сегашните граници. Ако зборуваме за критериуми, тогаш тие критериуми треба да бидат подеднакви и применети во сите случаи. И затоа кога се работи за аргументи, ќе ве молам зборувајте со аргументи и кажете сега дали сте за општина Долнени да се припои кон Прилеп, или да опстои како посебна општина, или пак сте за предлогот на Владата таа да се спои со општина Житоше?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, сега ќе морам вас да ви се обратам со оглед на тоа што претседателот излезе. Па се надевам дека вие ова ќе го прифатите, бидејќи тој го направи пропустот, еве вие да му пренесете, а и вие да го практикувате. Значи ова е дел од процедурална забелешка, а потоа ќе преминам на образложување. Значи, еве и вчера и денеска се повторува кога министерот за локална самоуправа наместо да образложува по однос на она што ние го поднесуваме како амандмани, користи прилика да се однесува како некаков функционер на СДСМ, а не како министер и да дава квалификации дали амандманот е на целосна, или на делумна ВМРО-ДПМНЕ. Мислам не е работа на министерот да кажува во каква состојба е ВМРО-ДПМНЕ, а уште помалку е негова работа да коментира што се случува на политичката сцена. Овде сме сите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ и би сакал на тоа да му се обрне внимание. А инаку нека си бере гајле повеќе за СДСМ, отколку за ВМРО-ДПМНЕ. Тое е едната работа.

Втора работа, дали е некој амандман апсурден, тоа се повторно квалификации на министерот, или не е, тоа е право на оној што го предлага и мислам дека со такви квалификации не треба да се служиме. Секој си сноси одговорност за она што предлага.

По однос на амандманот. По однос на амандманот значи, не би се сложил дека овој амандман е апсурден и не би се сложил со се она што некој во одбрана го кажува. Прво, ако можат одредени рурални општини да се спојуваат со некои други

градски, само ќе ви наведам пример, значи да се спои општина Велешта со 8150 жители, општина Делогожди со 7900 жители, општина Лабуништа со 8900 жители кои сите го исполнуваат цензусот за бројот на жители, критериум над 5000 жители за да станат општини и да се спојат со Струга и за нашиот амандман кој што сега го предлагаме да се каже дека е апсурден, каде е логиката па ова да не е апсурдно? Инаку, почитувани колеги, ако е нешто апсурдно, апсурдно е што овој закон и овие амандмани денеска ги гледаме во една атмосвера кога јас на пример колата не можам да ја паркирам 5 км подалекку од Собранието, тоа е апсурдно, значи апсурдно е што на вчерашниот најавен митинг имаше повеќе полицајци отколку ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам колега, ова не е дискусија по амандманот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Тоа е апсурд, а не е амандманот апсурден. Инаку многу е јасно почитуван министре зошто општина Долнени ја правите ваква каква што ја правите, затоа што во основа ви е да направите двојазична општина. Овде ќе изнесувате аргументи колку што сакате дека биле подобри комуникации, а основата ви е да биде двојазична општина и затоа го ставате Житоше во состав на Долнени и ред други работи. Можеше Житоше да оди во Крушево, можеше да оди ваму, таму, меѓутоа тоа е тоа. Тоа е она за кое ние кажуваме. Затоа не сакам да се користат квалификации апсурдно, нелогично, затоа што кога ќе дојдеме да расправаме по амандмани за Струга и Кичево, па ќе видиме што е апсурдно. А на почитуваните колеги овде што многу се нервозни кога зборува опозицијата и сакаат да ни делат лекции, јас би им дал еден совет да бидат малку пострпливи, затоа што ќе дојдат оние други аманмани и ќе видиме тогаш дали ги читаат, и дали ги слушаат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, само колега јас морам да ви дадам забелешка, вие имате забелешка на евентуалните квалификации од страна на министерот. Јас не ги слушнав, не можам да ги коментирам, меѓутоа исто така и вие давате квалификации на текстот на законот. Јас би ве молела сите колеги да не даваме такви квалификации, туку да се држиме до аргументацијата.

Има збор Александар Гештаковски, министер за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван потпретседател, јас укажав и во моето обраќање во делот за расправата и скратените рокови. Не е добро да се дезинформираат граѓаните, не е добро граѓаните да се подбуцнуваат и да се пласираат тези, општината Долнени се прави за да биде двојазична, или општината Долнени е со доминантно албанско население. Министерството за локална самоуправа и Владата ви достави податоци за секоја општина и националната структура. Општината Долнени со сегашната територијалната организација заедно со Житоше има 26,65% припадници на албанската заедница. Општината Долнени по новиот попис и врз основа на досегашното функционирање има 22% припадници на албанската заедница. Вакви дезинформации, вакви излегувања на протести од стана на одредени политички партии кои беа организирани во Прилеп, дека општината Долнени се прави доминантна општина на припадниците на албанската заедница, не не водат кон заеднички живот, не не води кон развој на општините и развој на Република Македонија. Затоа г. Караџоски немојте да пласирате дезинформации.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Неколку пати интервенции од координаторот на пратеничката група и од колегите пратеници од позицијата дека ние и со нашите аргументи со она што се обидуваме да ги убедиме колегите од позицијата да гласаат за одредени амандмани кои што се поднесени, на тој начин се работело да се стопира законот. Но, јас имам апсолутно спротивно размислување и едно дирекно прашање до сите вас, дали оние референдуми кои што се одржаа повеќе од 40, дали не се обврзувачки за сите нас како пратеници од местата од каде што доаѓаме и според законот кој што секој го носи и важи во Европската унија, да обрнеме малку повеќе внимание на она што го сакаат граѓаните на Република Македонија кои што не бирале тука, затоа што ние сме нивни претставници во секој случај. Дали нередите кои што се случија во Струга и во Кичево се она што ние треба да го браниме и законот кој што тука ни е предложен, дека е тој закон за кој што треба да говориме. И дали остварувањата на граѓаните со овој закон за локална самоуправа едноставно не ни е целта токму за тоа да говориме. Сега имаме ситуација кога според некои критериуми и 11 илјади се

малку да бидат општина, а некогаш и 2 иљјади, или не знам како ќе се случува и во 50 иљјади да додадеме уште 28 иљјади за подобро реализирање на правата на граѓаните. Мислам дека во овој случај за критериумите за кои што говорите во амандманите апсолутно не станува збор, затоа што критериумите едноставно се прекршени во се она што ни е дадено како предлог на закон кој што го имаме пред нас. И затоа господа пратеници секој обид да се спаси било која општина, било кој референдум од ова, мислам како опозиција ќе го сметаме за успех и ќе мислиме дека во тој дел барем пратениците кои што доаѓаат од местата од каде што доаѓаат овие референдуми ќе треба да не поддржат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Тоа ми беше и претходната реплика, сега ќе ја повторам. Јас ги почитувам заложбите на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кога се за 123-те општини да опстојат и тие да ги бранат нивните интереси. Кога ќе поднесат амандман заедно со претседателот на партијата каде што викаат дека три општини треба да влезат во Прилеп, тоа викаме дека е апсурдно и тоа не е во интерес на граѓаните. И таа мимикрија и ова лицемерие мора да престане. Затоа викам, повлечете ги тие амандмани што се за окрупнување на општините, тогаш ќе го знаеме вашиот став да останат 123 општини. Ама кога имате поднесено 123 амандмани за опстојување и уште 60 за окрупнување, тогаш не го знаеме ставот на ВМРО-ДПМНЕ и тогаш можеби граѓаните ќе почнат да ви веруваат, ако имате еден единствен став. Ние за тоа зборуваме цело време. Затоа се јавив по овој амандман, не се јавив по другите. Тоа го почитувам Блаже Стојаноски, што мислите дека Витолиште треба да си биде своја општина и си кажа аргументи. Ама кога по 5 минути вели, треба да влезе во Прилеп, е тоа е малку поинаква ситуација, ќе мора да признаете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Му благодарам на господинот Јани Макрадули, ако и тој е за 123 општини. Да останеме тогаш на 123 амандмани и да ги решиме проблемите, да не се измачуваме понатаму. Но, во секој случај и 250 амандмани да има, јас мислам дека она што некаде е напишано, а го знаете само вие, тоа ќе биде така и никако поинаку и тука е основниот проблем. Значи, ниту аргументите, ниту фактите можат да ве

убедат во нешто да го промените вашето мислење и да гласате поинаку отколку што некој ви кажал. И тука е основниот проблем и тоа господине Макрадули е и Ваш личен проблем кој што треба да го надминете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Блаже Стојановски, дали се јавувате за реплика или имате дискусија по амандманот?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

За дискусија по амандманот.

Јас ги ценам напорите на г-динот Макрадули да се насочат дискусиите на критериумите и токму во таа насока сакам да продискутирам малку.

Ако го прочитате законот, односно причините и односите што се уредуваат со Законот, стои вака: "Критериумите од кои се повела Владата при предлагањето на овој закон се следните: Општината по правило да не е помала од 5000 жители, а бројот на населението во општинскиот центар по правило да изнесува најмалку 2000 жители". Овде немаме аргументи за отстапувањата. Не велам дека не треба, напротив, јас сум за. Треба да се почитуваат историските традиции, културните традиции, заеднички стопански интерес во одредени центри кои имаат под 2000 жители, да има општини кои се и под 5000 жители, меѓутоа кои претставуваат специфични општини каде што тие жители на најнепосреден начин ќе можат да ги остваруваат своите потреби. Меѓутоа, такви податоци и аргументи од Владата не добивме.

Втора работа или вториот критериум кој сакам да го кажам е следниот: Економската одржливост да се заснова на постоење на доволен број стопански субјекти кои би генерирале доволно средства за успешен материјален и социјален развој.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Стојановски, ве молам, насочете се кон амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Нема проблем, нема да се обраќам кон г-динот Макрадули.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ова како вовед го сметам, меѓутоа, насочете се кон амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Повикот беше за критериумите, затоа кажав така.

Вториот критериум од кој тргнувала Владата при определувањето на границите на општините е или требало да биде економската одржливост да се заснова на постоење доволен број стопански субјекти, кои би генерирале доволно средства за успешен материјален и социјален развој. Кажете ми вие, зборувам сите како пратеници тука, дали некој има податоци која општина колку стопански субјекти има, колку средства тие стопански субјекти..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Зборувајте за конкретната општина сега, за амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

За тоа зборувам, за кртиериумите за определување на општината Долнени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, меѓутоа поврзано по амандманот, јас ве молам тоа да го поврзете со амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас морам да го кажам тоа општо, неможам да го кажам специјално за општината.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, меѓутоа, за амандманот се расправа во случајот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Еве, за општина Долнени, на пример. Добро, ме потсетивте да биде на темата. Колкава е економската одржливост, колкав број стопански субјекти постојат во општина Долнени, колку средства тие субјекти тие генерираат и дали тие средства се доволни за успешен материјален и социјален развој. Ова се однесува и за општина Пласница и сите оние општини кои се предложени со овој закон.

Понатаму, на односното подрачје да постојат објекти од општествен стандард и служби од областа на здравството, образованието, социјалните грижи,

културата и сл. Колку од овие служби постојат во одредени општини? Дали такви служби постојат во општина Велешта, да речеме?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За Долнени зборуваме.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Зборуваме за почитување на критериумите во однос на општина Долнени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Добро, ве молам, насочете се споредбата да важи за општина Долнени, да биде односот и вашата дискусија за општината Долнени.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, колку објекти има од областа во здравството, на пример, во општина Велешта, а колку има во општина Долнени, за да може да се направи компарација, колкав број на жители имаат тие, колку имаат можност за образование, училишта итн, колку има објекти кои ќе значат остварување на нивните културни потреби, колку имаат објекти кои водат сметка за социјалната грижа за населението во овие подрачја.

Понатаму, имате за инфраструктурна опременост, односон изградени системи за комунално опслужување на општинскиот центар да овозможува поефикасно организирање на населбите и поголема достапност на услугите до граѓаните. Општина Долнени, заедно со општина Житоше како што сега е предложено со вашиот Предлог заокн, верувајте, нема директна комуникација. Зборувам за центарот, населено место Долнени, нема директна комуникација со Житоше. Треба од Житоше да се оди во Ропотово, од Ропотово после да се оди за Долнени, или преку Прилеп, Кривогашани - Прилеп, па да се оди до општинскиот центар. Значи немате никаква комуникациска врска, никаква директна врска за да може општина Долнени, како што е предложена, да опстане.

Значи апсолутно, предлогот на законот во однос на општина Долнени, меѓутоа и во однос на многу други општини се сведува само на некакви договарања кои апсолутно немаат врска со критериуми.

Понатаму, природните и геогравските услови да овозможуваат гравитирање и комуникациско поврзување на населените места со центарот - она што претходно го кажав, она што го зборувавме за општина Мариово кога велевте дека тоа не е во ред заради бројот на населението, значи таму геогравските услови не важеа, важеше бројот на населението. Ваму не важи бројот на населението, туку важи интересот да се припои он градскиот центар. За општина Долнени важи општинскиот центар да нема никаква комуникациска врска и тоа навистина создава еден хаос, затоа што критериумите не се подеднакво почитувани при определувањето на сите овие општини.

Понатаму, имате почитување на определени специфики на територијалната организација, сврзани со определени историски, културни и еколошки карактеристики на населените места, претходно достигнат степен на развој на комуналниот систем итн. Овде треба да се поздрави почитувањето на овој критериум по основ на општина Вевчани, за која многу се залагавме во првата фаза, меѓутоа, овие специфики се однесуваат не само на историските туку и на еколошките карактеристики кога зборуваме за Мариово, или на културни карактеристики кога зборуваме за Долнени, каде што навистина имате едно шаренило на различни видови на етнички заедници кои многу успешно и многу квалитетно живеат, без никакви проблеми меѓу себе. Зошто се нарушува нешто што функционира, нешто што во досегашниот период покажало дека може да живее и да гради иднина.

Од тие причини, имајќи ги предвид овие факти, ќе ве молам повеќе да не се повикувате на критериумите дека некој не ги почитува, а некој ги почитува. Владата не ги почитувала овие критериуми кои ги напишала како основни критериуми од кои ќе се поведува при предлагањето на овој закон. Имате примери колку сакате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика г-динот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Г-дине Блаже Стојановски, јас ве уверувам ако си го прочитате стенограмот од ова што го кажавте сега, нема самите да разберете што кажувате. Вашите амандмани, како што беше укажано од колегите, вашите дискусии кои се контрадикторни едни кон други веќе јасно кажуваат дека и вие и вашата пратеничка

група или делови од вашата пратеничка група имаат интенција да ја опструираат работата во Парламентот.

Да ве потсетам, и ќе завршам со ова, пред 10-тина дена ја имавте реакцијата и на амбасадорот Петерсон, и на амбасадорот Батлер, и на генералниот командант на НАТО и на амбасадорот на ОБСЕ, ве повикаа, цитирам “во претстојниот дијалог да се вклучите конструктивно како опозиција и дека очекуваат Парламентот да се движи со неопходното чувство за ургентност”. Ве молам, бидете конструктивни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако барате коректност од една страна, бидете коректни и можете да се јавите на контрареплика.

Г-дине Блаже Стојановски, имате контрареплика една минута. Да ја слушнеме контрарепликата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Г-дине Жерновски, обврска на оваа Влада уште со самото формирање после 15 септември беше реализација на Рамковниот договор и процесот на децентрализација. Требаше до септември 2003 година, во рок од една година, да се донесат овие закони. Потоа се одложи тој рок до крајот на 2003 година и вие ги носите во пет минути до распишувањето на локалните избори.

За ова што се случува сега и за начинот на кој се случува немојте да ја обвинувате опозицијата, а кога се работи за тоа дали некој разбира нешто што кажува или не разбира, немојте да генерализирате и ако вие не разбирате, тоа не значи и другите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една мала корекција. Обврска на претходната Влада беше за 2004 година да се завршат овие закони.

Повелете г-ѓа Ганка Самоиловска -Цветанова, имате збор процедурално.

ГАНКА САМОИЛОВСКА -ЦВЕТАНОВА:

Во немање на апсолутно никакви контрааргументи на она што е изнесено, со цел да го одбранат ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова не е процедурално.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

... се започнува, цело време позицијата реагира нервозно. (Реакција на исклучениот микрофон)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можам да ве прекинам, затоа што не е процедурално. Вие земете збор и ојаснете го тоа.

(реакција на пратеинчката со зборовите “вие не реагирате соодветно”)

Зошто јас не реагирам соодветно.

Повелете, завршете го процедуралното.

Јас ги молам пратениците од опозицијата да се воздржат со внатре партиските проблеми на одредени политички партии.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Колеги од позицијата, ако немате аргументи, ве молам да не се осврнувате дали опозицијата или ВМРО-ДПМНЕ имала делови од пратеници, пратенички групи две или пет. Десната страна, односно сите што седат на оваа десна страна имаат еден единствен став во однос на овој апсурден закон, впрочем, како и целокупната македонска јавност, МАНУ, експертите и сите граѓани на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е веќе надвор од процедуралното.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Ве молам да се занимавате со законот, а не со нечии други состојби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Чашуле, имате збор процедурално.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Г-дине претседател, се јавувам деловнички да ве корегирам. Рамковниот договор и сите договори со Меѓународната заедница предвидоа законот за децентрализација да биде донесен до изборите 2002 година, а законот за финансирање на локалната самоуправа по изборите, така што претходната Влада си ги заврши работите на време, заедно со сите закони ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие само го потврдивте она што го реков.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Г-дине претседателе, немате право кога настапувам деловнички да полемизирате со мене. Јас укажувам на фактичка состојба и ве молам во жар на оваа дебата да не ја кревате температурата и да се држиме до фактите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие само го потврдивте она што јас го кажав. Затоа што е процедурално, морам да го објаснам тоа. Тоа беше корекција за вистината.

Повелете г-ѓо Славица Станковска, имате реплика. Затота што премногу пратеници се јавија за процедурално треба да го решиме проблемот со техниката во врска со тоа.

Повелете, имате три минути реплика на дискусијата на пратеникот Блаже Стојановски.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Да ви кажам дека мошне внимателно ги слушам образложенијата на колегите предлагачи на амандманите и сакам да ви кажам дека навистина сум пријатно изненадена. Лично не ги познавам општините за кои говореа и за кои пред малку говореше колегата Блаже Стојановски, заради тоа што не потекнувам од таа средина. А зошто сум пријатно изненадена? До сега навистина не сум знаела колку богати општини имала Македонија, со толку многу капацитети и ресурси и едно

навистина не ми е јасно: Како е можно со толку големо богатство кое гие го презентираат пред македонската јавност да имаме скоро 400 иљјади невработени и да имаме сиромашна држава.

(реакција)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам да бидете парламентарни, не можете да барате тишина, а вие да го користите тоа право да коментирате од место. Оваа реплика е на место бидејќи г-динот Блаже Стојановски направи широка елаборација околу критериумите.

Повелете г-дине Стојановски, имате една минута контрареплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Репликата на колешката е само уште еден доказ каква е состојбата во Република Македонија а одговорноста, за вкупните состојби во Република Македонија секој пат ја има Владата на Република Македонија, што значи дека ако има толку невработени, ако е таква состојбата во општините слободно обратете се во министерствата за финансии, за економија кај премиерот Хари Костов, кај сегашниов ваш претседател кој ги исплаќа долговите кон ДУИ и ќе ви објаснат многу добро зошто е таква состојбата.

И уште нешто да кажам, економската ситуација во Република Македонија сеуште се обидува Владата да ја замаглува со вакви етнички решенија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стојановски, измина времето.

Има збор г-динот Сашко Кедев по амандманот за Долнени.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам г-дине претседател.

Почитувани пратеници, сметам дека овој амандман што е предложен од колегите пратеници засега еден суштински дел од предложениот закон за територијална поделба, не за територијална организација, бидејќи во овој дел со припојување на општината Долнени и општината Житоше, се кршат основните принципи на Рамковниот договор кој ја замислува и ја дефинира Република Македонија како мултиетничка и мултикултурелна држава.

Општина Долнени, која имав прилика да ја посетам за време на кампањата на претседтелските избори и за која сум слушал од пратеницит кои доаѓаат од тој регион, е типичен пример на мултиетнички и мултикултурелен соживот во Република Македонија. Со новиот предлог на територијална поделба се кршат основните принципи на Рамковниот договор. Ова е типичен пример на кршење на принципите на Рамковниот договор од една страна, а од друга страна декларирање на предлагачот и на парламентарното мнозинство дека со новиот закон за територијална поделба се овозможува остварување на принципите на Рамковниот договор. Каде се правата на двојазичност на турците и бошњаците кои ги има во општина Долнени и кои претставуваат значителен процент во оваа општина. Ова е типичен пример кој што треба да се посочи на македонските граѓани на кршење на принципите на Рамковниот договор и на начинот и на пристапот на актуелната Влада на Република Македонија на создавање на динационална држава. Овој принципот очигледно доведе и до припојување на Кондово и Сарај кон Скопје, единствено со цел да се овозможи двојазничност.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Оставете го Кондово, ќе дојде и тоа на дневен ред.

За збор се јави министерот за локална самоуправа, г-динот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитувани пратеници, особено г-дине Кедев, концентрирајте се што зборувате. Амандманот е да се укине општината Долнени, која вие сте ја посетиле во вашата претседателска кампања. И немојте да живеете во таа кампања, заврши таа за вас.

Општината Долнени, за која кажувате дека е пример за мултиетничност вие, се извинувам г-ѓа Самоилова што вели десната страна, проблемот е што не сте уиграни, што немате заеднички став. Треба да се координирате. Амандманот е да се укине општината Долнени и за тоа да разговараме. Вие укажувате дека општината Долнени е добра општина, мултиетничка општина, во која општина има припадници на албанската заедница и го користат службениот јазик, а зборувате нешто сосема друго. Мислам дека треба да ги следиме фактите.

И уште нешто. Почитуван г-дине Чашуле, отворете го Рамковниот договор во Анексот Б, точка 2 и читајте: “Собранието до крајот на мандатот на овој состав”, се мисли на претходниот состав, “во Собранието ќе усвои закон за финансирање на локалната самоуправа” за да осигура дека единиците на локалната самоуправа имаат доволно ресурси да ги извршуваат своите задачи. Сигурно ше се извините и нема потреба.

Г-дине Чашуле, јас морам да кажам пред овие пратеници и сум го кажал тоа, онаму каде што застана претходната Влада во процесот на децентрализација, оваа Влада продолжи. Стратегијата од претходната Влада, Акциониот план од претходната Влада, а особеон законот за локална самоуправа, кој беше донесен со политички консензус во овој Парламент, претставува основа за силната политичка волја и решеност овој процес оваа Влада и Република Македонија да го завршат. Не постои идеално решение, но ако ја следиме целокупната расправа во делот на опозицијата, точно е и укажувам овде пред вас, врз основа на Уставот, врз основа на делот на Рамковниот договор за правата на припадниците на заедниците, се водело грижа за етничките аспекти, но како се третираат од ваша страна? Овој предлог опозицијата ВМРО-ДПМНЕ и другата опозиција вели дека е штета на македонците, а видовте што се случува од страна на другата опзициона партија ДПА, која вели дека е на штета на албанците. Нудиме решение низ оваа расправа, но на ваков начин со дезинформации.

Владата целосно ги респектира не многу преземените активности од претходната Влада. Со донесувањето на законот за локална самоуправа во февруари 2002 година претходната Влада ни чекор не помрдна ни во министерството ни во Владата да ги направи потребните претходни истражувања.

Г-дине Блаже Стојановски, базата на податоци по сите критериумите во Министерството постои, врз основа на расположливите податоци во сите институции во Република Македонија . Јас ви укажувам на тоа. Повелете, ги има сите податоци. Не постои идеално решение на една општина со друга што ќе ги компарираме. По барање на ВМРО-ДПМНЕ, клучниот и за вас неприфатлив критериум 5000 жители а се повикувате на некое нормативно регулирање, но ако одиме на облигаторен дел на критериуми, што го порачувате Економскиот институт или Центарот за истражување и економски анализи, во Република Македонија сите анализи укажуваат дека оптимална општина во принцип треба да има 5000 до 6000 жители. Врз основа на укажување во претходните договори, го воспоставивме тој принцип. Врз основа на компарирање на одредени критериуми од тој сет на

критериуми, 13 општини предложивме со број на жители под 5000, кои сметаме дека ќе имаат шанса.

Затоа мислам дека треба да се зборува на факти, а вие пред јавноста, пред телевизиските камери кажувате целосни дезинформации. Општината Долнени е добра, предлагате да се укине, а ние оставаме д апродлжи со дел на приклучување на општина која не ги исполнува условите. Ќе ви кажеме, врз основа на податоците, дозволете наредниот амандман од Блаже Стојановски да постои општината Житоше.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, бидјеки г-динот Макрадули имаше реплика на г. Блаже Стојаноски, а на дискусијата на Кедев...

(Реакција од место на пратеникот Кедев).

Не, не, чекајте. Можеби ќе чуете нешто ново...

(Реакција на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Господине Кедев да бидеме коректни...

(И понатаму реакција на г. Кедев од место).

Повелете господине, ќе ја добиете контра репликата.

Повелете г. Макрадули.

(Реакција на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Да ве прашам нешто, вие ја раководите седницата?

(Барам контра реплика-Сашко Кедев од место).

Ќе ја добиете контра репликата.

Се извинувам, министерот имаше право, јас требаше тогаш на г. Макрадули да му дадам реплика, не му дадов бидјеки минситерот е во право. Затоа сега ќе му дадам збор за реплика на г. Макрадули, а вие ќе добиете две контра реплики.

Освен ако се отаже г. Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Еве му давам предност на г. Кедев, можеби ќе се корегира во својата изјава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можеби господинот Макрадули ќе се откаже од неговата реплика.

Повелете г. Кедев една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван г. министер,

Не одговоривте ништо, ниту со еден збор не дадовте образложение зошто ги одземавте правата на турците и на бошњаците во Долнени. Тоа е суштинското прашање и немојте да мислите дека со вашата лежарност и демагошки пристап дека убедувате некој во РМ. Ниту вие , ниту премиерот...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев да внимаваме малку на зборовите.

САШКО КЕДЕВ:

... не може да ја убеди македонската јавност...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

многу сте чувствителни кога од оваа страна ќе каже некој таков збор.

(Госпоѓата Ганка Самоилова од место реагира - може на минситерот ќе му кажете што треба да зборува).

САШКО КЕДЕВ:

а во однос на претседателските избори јас би посочил дека некој веќе ја платил цената на предвремените претседателски избори. Сите граѓани ќе ја плаќаат вклучувајки ве и вас лично цената на изборниот фалсификат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Чашуле, вие имате една минута.

Сега ќе ги дадеме сите контра реплики на минситерот.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Незнам, ако некој има против ќе земам збор, па ќе објаснам.

Накусо само следното сакам да го кажам.

Ценете г-дине минситер, благодарам за тоа што ми помогнавте да ја исправам невистината изнесена од претседавачот. Вие консеквентно продолживте таму каде што ние запра вме. Ние го донесовме Законот за локална самоуправа, па требаше врз основа на пописот кој се одложи да го донесеме распоредот на општините и територијалната организација и во зависност од тоа законот за финансирање. Пописот се одложи, целата работа се одложи врз основа на договор

на потписниците на Рамковниот договор од кој еден сме ние. Според тоа во овие две години вие имавте задача да направите нешто што не го направивте и не сакам да ни префрлате кога веќе и самите рековте дека консеквентно како достоинствени потписници на Рамковниот договор, кој е дел од нашиот Устав си ја вршиме работата. Заостанувањето во овие две години треба да го образложите на јавноста, а не на мене.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Самоиловска имате ли контра реплика.

Повелте имате една минута за контра реплика.

ГАНКА САМОИЛОВА ЦВЕТАНОВСКА:

Господинот минситер многу убаво ни објасни за обврските од претходната Влада и за тоа што исполнила и што не исполнила, само заборави едно нешто да каже. Неговата партија беше дле од таа Влада, беШе делод широката коалиција и прашувам каде е вашата одговорност во тој период и каде е вашата одговорност во однос на територијалната поделба на Република Македонија, во моментот што направивте, односно отплаќате нечии долгови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете сега г. Макрадули, имате реплика на г. Кедев.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван г. Кедев, вашата дискусија е типичен пример за начинот и пристапот на опозицијата на оваа седница и укажува на суштинската демагогија што ја спроведувате цело ова време. Сваќате ли дека зборувате за грешен амандман. Сфаќате ли дека се залагате за амандман кој Долнени и Житоше ги носи во Прилеп? Сте го прочитале ли прво амандманот, и во овие 7 минути што ги поминувате на седница ги користите само да зборувате тоа што ви е научено напамет? За кои интереси работите? Тоа зборувам цело време.

Ако работите за интересите на граѓаните на Република Македонија или сте за 123 општини, или сте за некои виртуелни работи. Одберете за кој принцип и за колку општини се залагате. Или сте за Долнени само, или сте за Долнени и Житоше во Прилеп. Одберете, оваа држава и граѓаните очекуваат од вас еднаш во животот да

се определите. Тоа е политиката, да имате став, ама тој став да го држите 14 години. Тоа е партија, тоа е политика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Кедев една минута контра реплика.

САШКО КЕДЕВ:

Само би потстил дека мојата дискусија беше во однос на Предлогот на законот за територијалната поделба во делот на општина Долнени и Житоше, бидјеки општина Долнени е типичен пример на мултиетнички соживот во РМ , а јас како претставник на опозицијата ги штитам интересите на сите граѓани на Република Македонија.

Последно прашање ми е чиииинтереси вие штитие и каде води овој Предлог на закон за поделба на РМ, кои што нема ниШто заедничко со организирање на локалната самоуправа во РМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Кедев.

Ве мола да не бидеме сите исти. Јас молам на една смиреност, да не се дофрлува, секој ќе си го добие зборот како реплика и контра реплика, секој ќе си гокаже зборот и мислењето онака како што смета , без навреди, а нека проценат граѓаните које во право.

Има збор г. Караџоски, процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

Делвоникот е пред вас, кога се дава реплика се кажува на што се реплицира. Ако г. Јани Макрадули мисли дека има повеќе за изборот на претседателот на СДСМ и држи овде политички овде политички говори, уште не е тоа почнато. Репликата се однесува на разликата во ставовите кои што ги изнесов по однос на амандманот, а не да ми држи овде политички предавања.

Инаку еве јас му сугерирам, нека се кандидира на овој настап, сигурно ќе добие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски сами ја кршите процедурата и тоа многу свесно и многу јасно. Тоа многу свесно и јасно го правите.

Господине Блаже Стојановски вие сте приајвени, имате ли реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Не, барам збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Стојаноски.

(Реакција на г. Жарко Караџоски).

Збор има г. Стојаноски. Вклучете го г. Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе, не очекував дека координаторот на пратеничката група на СДСМ ќе зборува без да ги прочита амандманите. Изгледа не знае за што зборува и затоа и за него и за јавноста и за сите нас тука јас ќе ви го прочитам амандманот кој што е тема на дискусија.

Значи, амандманот се однесува, во член 12 по точка 53, каде што е определено кои населени места ја сочинуваат општина Прилеп се додаваат зборовите: “Бело Поле, Бреилово, Бранче, Горно Село, Гостиражни, Дабјани, Дебреште и т.н. и т.н.”, сите оние населени места кои што сега припаѓаат воопштина Долнени.

(Реакција на пратениците на СДСМ)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојаоски, вие тој амандман сте го згрешиле. Се извинувам, да не бидеме исти сите. Амандманот е по член 10 под б) точка 44 се брише. Тоа е тој амандман, а ова е друг амандман, кој што е можеби поврзан, но бидејки е посебно даден тој мора да биде посебно, така да вие не сте во право.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Претседателе, членот 10 точка 44-б...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, кој друг бара збор?

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Оставете ме да завршам претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја дезавуирате јавноста, бидејки не е тој амандман што го дискутираме сега.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Како не е тој амандман?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е тој амандман. Амандманот е член 10 под б) точка 44 се брише, а вторито амандман ќе видојде подоцна.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Меѓутоа, едниот и другиот амандман се поврзани претседателе, затоа што без да се избрише точката 44...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојаноски ако се поврзани и ако се одбие вашиот амандман очекувам еден коректен однос од вас да си го повлечете вториот амандман кога ќе дојде.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Тоа е логично.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кога ќе дојд ена ред, а според Деловникот јас морам да ги ставам сите амандмани.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Тоа е логично претседателе, меѓутоа сите ние зборуваме за решение кое што предвидува сегашната општина Долнени да се припои кон општина Прилеп.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, целата јавност слушна  дека постои логика и тоа е логично кога ќе дојде амандманот, логично е да го повлечете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

А сега може ли да завршам по однос на ова?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршите ве молам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Значи, да нема дилеми, ќе бидаммногу краток, имам уште неколку минути до 13,00 часот и сакам да биде начисто и Собраието и јавноста.

Целта која што се сакаше да се постигне со поднесвуањето на овој амандман и уште други два амандмани кои што се однесвуаат на истото прашање односно на опстојвуањето на општина Долнени во сегашните граници е:

Прво со овој амандман да се покаже апсурдноста на предлогот во која што руралните општини се наметнуваат како делод градските општини коишто сега постојат.

Втората цел е спојувањето на општина Долнени со општина Житоше да се покаже како една нефункционална целина која што немаопштински центар кој што може да ги задоволува потребите на граѓаните и

Трета работа која што нависитна и најмногу треба да биде битна е да се зачува меѓуетничкиот соживот во општина Долнени. Целта на овој амандман е токму таа, да нема никакви промени по однос на сегашната поставеност на општината Долнени и таа да опстои како таква во сегашниот состав и во иднина.

Тоа го бараме од Владата и сите други работи кои што се искажани се шпекулации.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојаноски вашиот амандман значи да се брише општина Долнени.

Ве молам г. Трајановски, барате збор процедурално и потоа објавувам пауза, бидјеки е 13,00 часот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Да направите услови во салата бидјеки очигледно кога ќе дискутираат пратениците од опозицијата скоро сите пратеници или поголемиот дел толку довикуваат што не можеме нормално да работиме во ова Собрание.

Затоа ве молам ако сакаат да се изјаснат нека се пријават.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски јас успеав Буџетот да го донесам во многу потешки услови.

Продолжуваме со работа во 14,00 часот.

(Пауза од 13,00 часот).

(ПО ПАУЗАТА)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, затоа што треба да пристапиме кон гласање на амандманот.

Службите нека го утврдат конечно бројот и сега мислам дека сме доволни со кворум.

Присутни се 62 пратеници.

Го заклучив претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници,  за гласале 3 пратеници, 57 пратеници гласале против, воздржани нема, во салата беа присутни 62 пратеници во моментот на гласањето.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници,

Имам предлог до Собранието. Имено, оваа листа што е по редоследот, амандманот 14 на член 10 под б), за да даде нова точка 46-а по точката 46, поднесен од пратениците Блаже Стојановски и Жарко Караџоски.

Потоа амандман на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точка 46, поднесен од пратениците Илија Китановски и Никола Груевски.

Потоа, амандманот на член 10 за додавање нова точка 46-а по точка 46, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Потоа, амандман 18 на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точка 46, поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски и Михајло Георгиевски.

Амандманот 19 на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точка 46, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева и Блаже Стојановски, кој што се однесува до Општина Житоше се до збор идентични.

Предлагам да се води заедничка расправа по овие амандмани, а по Деловникот ќе гласаме за секој амандман посебно.

Го ставам предлогот на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 пратеници гласале за, нема воздржани, 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точката 46, поднесен од пратениците Блаже Стојановски и Жарко Караџоски. Пратениците Илија Китановски и Никола Груевски. Пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели. Пратениците Блаже Стојановски Жарко Караџоски и Михајло Горгиевски и од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева и Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе,

Сигурно, тргнувајќи од аспект дека повеќе пратеници поднесле ист амандман, а амандманот се состои од тоа Општината Житоше да опстои до постојните граници, како и врз основа на територијалната организација од 1996 година, а со Предлогот на законот Општината Житоше се приклучува кон Општината Долнени.

Во Општината Житоше живеат околу 2000 жители, со национала структура македонци 31,56%, албанци 1158 или 58,34% и другиот дел припаѓа на делот на бошњаците 37,63% и дел на турците. Општината Житоше врз основа на ваквиот број на население и критериумите кои во основа не ги исполнуваат за опстојување како самостојна општина, во која граѓаните врз основа на новите надлежности, согласно

законот за локална самоуправа, би можеле да ги остваруваат своите права во поголем обем или врз основа на подобри услуги во новата територијална организација. Општината Житоше, фирми од небуџетскиот сектор, постојат регистрирани само шест со вкупно 11 вработени лица или типичен пример на оваа општина е дека основните средства по жител изнесуваат само 717 денари. Што е најважно во Општината Житоше врз основа на изворните приходи, согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, тоа е данокот на имот, данокот на подарок, данокот на наследство и таксите, во 2003 година имаат остварено само 7.000 евра. Сметаме дека приклучувањето на Општината Житоше која во постојните граници кон Општината Долнени, граѓаните би ги оствариле правата во поголем обем, подобри и поквалитетни услови, што значи амандманот за Општината Житоше да опстои како самостојна, не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Како што кажа и министерот, целта на овој амандман е опстојување на Општина Житоше во сегашните грнаици. Што значи тоа? Тоа значи можност за овие жители да покажат и Владата на Република Македонија да потврди дека целта не е создавање, спојување на вештачки начин на две или повеќе општини, туку навистина да се покаже дека има општини, каде што постојат капацитети, во кои навистина ќе се гради мултикултурен живот, каде што навистина секоја етничка заедница ќе може да го искаже својот идентитет и ќе може да зборува на својот сопствен јазик, како што е случајот за Општина Житоше со Бошњачката етничка заедница, каде што единствено во оваа општина може да го користи својот мајчин јазик.

Значи, целта на овој амандман, една од целите, фактички претставува и давањето, на пример, дека Република Македонија и преку оваа општина не се поставува како бинационална држава, дека целта која што треба да ја постигне Владата по однос на овој проблем не е бинационалност по однос на третирањето, на кроењето на картите на општините, туку за Општина Житоше навистина се

покажува една широчина и еден реален пристап кон потребата за мултиетнички соживот или живот на жителите на оваа општина.

Од друга страна, потребата да опстои Општина Житоше се однесува и на реалното остварување на потребите на жителите на оваа општина, затоа што сегашниот предлог каде Општина Долнени, со центар Долнени се предлага заедно со Општина Житоше да стане една година, претставува огромен напор и огромен хендикеп за жителите на Општина Житоше во однос на остварувањето на нивните права како жители на оваа општина. Што сакав да кажам?

Во однос на комуникациското поврзување на селото Житоше со селото Долнени, апсолутно нема никаков начин за нормално да се оствари комуникација и да можат луѓето да вадат одобрение за градба, да можат да им бидат доставувани решенија за разни административни или комунални такси, кои што треба да бидат воведени од страна на општините, како и да можат да остваруваат други потреби, кои ќе произлезат со формирањето на овие општини и со сите ингеренции, кои што ќе ги имаат овие општини.

Имајќи ги предвид овие две работи и имајќи го предвид фактот дека од 1996 година до денес Општина Житоше функционира како самостојна општина, имајќи го предвид фактот дека до 1996 година Општина Житоше не беше во ниеден момент заедно со Општина Долнени, значи нема никакви допирни точки како некои историски традиции, затоа што таа беше дел од Општина Крушево, сите овие работи укажуваат на една работа дека вештачки се споила Општина Житоше со Општина Долнени, се со цел да се остварат некои други цели.

Значи, ако целта ни е остварување на итнересите на граѓаните на најадекватен начин, на начин на кој што тие најлесно и најекспедитивно, најпрофесионално или најстручно и најквалитетно ќе можат да ги остваруваат своите права како граѓани, најдобро е опстојување на Општината ЖитоШе во своите граници. Фактот што ваков амандман со иста содржина има поднесено од пратеници од различни политички партии, фактот дека ова претставува еден доказ дека Владата етничките критериуми ги задржала само во однос на она што го договорила со ДУИ за Струга и Кичево, а нема да го внесува и Житоше во тој план и во тој договор, ќе значи само едно, ќе значи реален однос кон децентрализацијата во Република Македонија. И, навистина, една суштинска децентрализација, која што ќе ја доведе Општина Житоше како функционална општина, а истовремено ќе овозможи опстојување на Општина Долнени, за која што во текот на расправата за претходниот амандман и самиот министер кажа дека има над 11.000 жители, дека

има многу села, дека има етнички соживот и сите тие работи за кои што разговаравме претходно. Значи, со усвојувањето на овој амандман, јас очекував министерот дека ќе го прифати овој амандман и дека на тој начин ќе покаже дека има волја да ги прифати аргументите кои што произлегуваат и од локалното население и од оние кои што го претставуваат локалното население, независно од која политичка провиниенција произлегуваат.

Да не должам многу, сметам дека опстојувањето на Општина Житоше решава многу проблеми и за Општина Житоше и за Општина Долнени, па и во однос на сите други импликации кои што ова решение може да ги има и Општината Прилеп.

Затоа, уште еднаш предлагам да се изгласа овој амандман и на тој начин да се решат сите овие отворени прашања, кои што произлегуваат од овие аргументи што ги спомнав претходно. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Рамадани, имате збор.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван министре,

Амандманот, нашиот заеднички амандман, Општина Житоше да опстане како општина и понатаму, засилувајќи ја, се разбира со некои други населени места кои живеат близу до Житоше се совпаѓа со нашиот концепт за спецификите на некои општини, за кои што ние мислиме дека треба и понатаму да опстанат и да се афирмира и понатаму нивното функционирање со новите надлежности, кои произлегуваат од децентрализацијата на локалната власт, централната власт.

Овде постои фактот дека Општина Житоше во текот на функционирањето за овие години на некој начин го има изразено својот идентитет како субјект и на некој начин дошол до израз еден развој кон тоа што се нарекува и афирмирање на идентитетот, меѓутоа, и респектирање на тоа што ние го нарекуваме културен диверзитет, поради самиот факт дека таму живеат и претставници на другите народи, во прв ред и бошњаците, кои во оваа општина имаат своја шанса малку повеќе да го афирмираат и својот идентитет и тоа што ние го нарекуваме култура, традиција и тн.

Потоа, друг факт е и поради комуникацијата. Да кажам и географската позиција, која што ја има. Ние треба да прифатиме и да признаеме една вистина, доколку говориме, се разбира, со аргументи дека не може без да ме разберете лошо, Долнени да биде општина која ќе биде пофункционална од Општина Житоше, од самиот факт што за овие граѓани, кои живеат во Општина Житоше и во околината, да кажеме, со селата Белушино, Борино, Јакреново, Локвен, Подвис, Сесаждево и самото Житоше, многу им е полесно да функционираат во рамките на Општината Житоше и многу поблиску ќе им биде администрацијата и локалната власт тука, отколку некои села, на кои им доаѓа да одат и 35 км пат да направат, а да стигнат до Долнени.

Затоа, неслучајно го споменуваме и идентитетот или развојот на оваа општина, затоа што ние треба да имаме предвид дека тука се изградени и амбуланта, отворени се паралелки за средно образование на мајчин јазик. Потоа, има тенденција, како што е предвидено ќе се изгради средно училиште, така што полека тие граѓани ќе си создадат линк со тоа што е наречено прогрес, напредок и урбанизам и ќе ја развијат оваа општина, мислам со еден потенцијал и капацитет, за кој што тие лека полека го создаваат тука каде што живеат и дејствуваат.

Инаку, ние имаме и друга варијанта, која што јас уште од сега ќе ја објаснам. Имаме варијанта друга, Житоше да остане со Општина Крушево. За тоа имаме и амандман, па нема што да го криеме тоа. Меѓутоа, повторно помисливме дека би било подобро таа да продолжи да функционира како општина за себе. Доколку вредат овие аргументи и сето ова што ние го кажуваме, тогаш јас се надевам дека ќе имаме разбирање од колегите и тие кои што ги прифаќаат овие аргументи и да го поддржат овој амандман, Општина Житоше да продолжи да функционира како општина за себе. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Рамадани.

Повелете господине Китановски имате збор.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Како поднесувач на амандманот, бидејќи претходните говорници имаа истоветен амандман во членот 10, во тоа е истоветноста на амандманот, меѓутоа, во членот 12 се разлкуваат тие амандмани, затоа е и разликата.

Мислам дека претходните говорници ги кажаа главните аргументи и сега не би сакал посебно да ги потенцирам и да ги повторувам, само би додал дека во поддршка на овој амандман на членот 10 е и амандманот на член 12 што го поднесов, и ако ми дозволите дел од него би цитирал како поддршка, односно како аргумент за прифаќање на овој амандман. Тоа е дека, иако можеби по број на население, по оние два критериуми по кои што се предвидени во законот и кои главно би требало да се почитуваат, а кои што и самата Влада не ги почитува за најголемиот број проблематични општини, се бројот на население вкупно и бројот на население во центарот односно во седиштето на општината. Мислам дека во тој поглед и она што значи зголемување на населени места, кои што природно географски и секако гравитираат кон досегашната Општина Житоше, би бил еден аргумент повеќе за нејзината одржливост како посебна општина, а во интерес на граѓаните на Житоше и на околните населени места, со тоа што од општините Долнени, Кривогаштани и Крушево би се придодале населените места Локвен, Подвис, Борино, Јакреново и Саждево, а можеби и уште некое, за да евентуално тој критериум биде поиздржан односно да биде поблиску исполнувањето на тој критериум од страна на  Општината Житоше, ако е тоа еден од аргументите, заради кој што Владата не го предвидела и не го прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по сите пет амандмани, а ќе ги гласаме поединечно, можеби е малку нелогично, но така деловникот наложува.

Повелете господине Коце Трајановски, имате процедурално?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би запрашал зошто овие пет амандмани се споени во еден, иако нивната содржина е..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски, јас би ве замолил да бидете присутни тука кога беше објаснето зошто се споени, бидејќи се до збор, до буква исти.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас бев тука, гледав на телевизија, гледав во кабинетот, не е проблем. Туку зборот ми беше кај ја најдовте оправданоста за спојување на амандманите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во Деловникот се вели дека по предметите кој што се слични може да се предложи единствен претрес.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ако вака продолжете претседателе, можете и другите амандмани да ги споите, па треба да ни кажете однапред кои ќе ги споите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски немојте да правиме, нешто што е деловнички во ред и што нема логика. Јас одам по деловникот по секој амандман, ако се исти ќе ги гласаме.

Го ставам на гласање амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точка 46 поднесен од пратениците Блаже Стојановски и Жарко Караџоски.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 14 гласале за, воздржани нема, 57 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Го ставам на гласање амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точката 46 поднесен од пратениците Илија Китановски и Никола Груевски.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 10 гласале за, воздржани нема, 57 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Го ставам на гласање амандманот на член 10 за додавање нова точка 46-а по точката 46 поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 9 гласале за, воздржани нема, 56 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Го ставам на гласање амандманот на член 10-б за додавање нова точка 46-а по точката 46 поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски и Михајло Георгиевски.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 10 гласале за, воздржани нема, 56 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Го ставам на гласање амандманот на член 10-б за додавање нова точка 46-а по точката 46 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева и Блаже Стојановски.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 11 гласале за, воздржани нема, 57 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот 10-б за додавање нова точка 46-а по точката 46, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, амандманот поднесен од пратеникот Ванчо Стаменков се предлага општината Зрновци да остане како самостојна општина.

Јас би сакал да укажам дека и во Предлогот за донесување на закон со господинот Ванчо Стаменков водевме една расправа врз основа на аргументи. Во текот на јавната расправа од страна на Министерството за локална самоуправа и од страна на луѓето кои работеа на овој проект ги преиспитавме наводите од господинот Стаменков и Владата останува на претходно понуденото решение општината Зрновци да се приклучи кон општината Кочани, врз основа на претходно изнесените амандмани, односно претходно изнесените мислења и гледања.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Стаменков имате збор.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Јас мислев дека ќе слушнам од министерот освен декларативното мислење на Владата, конкретно ќе каже зошто не се прифаќа амандманот, по кој критериум, општина Зрновци кој критериум не го исполнува за да остане самостојна општина во сегашните граници. Мислам дека овој одговор тој што го даде незадоволува и очигледно е дека и оваа седница е само фарса и незнам зошто го губиме тука времето со овие амандмани и зошто воопшто се дискутира за нешто кога не сака да се слушнат фактите кога несака да се слушнат аргументите. Ако немаме разбирање за сето она што се зборува тука, и не сакаме да го слушнеме тоа да аргументите кои што ќе бидат кажани ги прифатиме или пак се спротивставиме со против аргументи, тогаш сметам дека ова е губење на време. Јас можам да зборам уште еднаш нели, иако зборев во првата фаза доста за општина Зрновци, се надевам дека како што реков ќе слушнам еден аргумент сега по изјавата на министерот по кој критериум општина Зрновци треба да биде укината. Но не слушнав, така да ќе ја насочев

мојата дискусија токму на тој аргумент да видам дали стварно општина Зрновци не го исполнува тој аргумент.

Сега, незнам колку ќе влијае тоа што ќе му кажам како аргумент. Мислам дека нема да влијае но, еве јас, како пратеник останувам на моето мислење дека општина Зрновци ќе треба да опстои, бидејќи сметам дека сите критериуми ги исполнува за да биде самостојна општина. А тоа е дека општина Зрновци посебно населеното место Зрновци е едно од поголемите рурални населени места во Македонија. Самото населено место има околу 2300 жители, има своја традиција, има свој економски развој, свој социјален развој, разој на инфраструктурата и развој може да се каже во културно-општествениот живот, доста плоден, посебно во последните 8 години откако е самостојна општина.

Луѓето во Зрновци тоа го покажаа на референдумот кој што беше одржан, каде што од излезените избирачи односно граѓани со право на глас 98% се изјаснија за Зрновци да си остане во сопствените граници.

Не сваќам како може Европската повелба за локална самоуправа каде што многу чисто е напишано дека граѓаните сами решаваат за општинските граници, да не се почиува од еден Парламент кој нема седница или нема точка а да не се каже дека ние тежиме кон Европа и сите закони ги усогласуваме со европските закони. Како може од една страна да ни се полни устите со вакви искази дека Македонија што побрзо треба да ги измени законските регулативи за да ги прунуди кон европското законодавство, а нешто што како закон е поминато тука, значи во Парламентот ратифицирано е, ние како Парламент да не ја почитуваме, односно Владата да не ја почитува. Тоа е несватливо и неразбирливо за мене и сметам дека како што и покажа праксата, ние само донесуваме закони а првите кои што ги кршат се Владата и Парламентот.

Општина Зрновци, односно населеноето место Зрновци е околу десетина километри оддалечено од Кочани. Значи граѓаните треба да патуваат десетина километри за да ги остварат некои основни права од областа на локалната самоуправа. Развојот на Зрновциспореден со оној во Кочани кој што го има, посебно во делот на инфраструктурата, ако се погледне ќе се види дека незаостанува многу.

Инаку, во оваа насока ќе ви кажам дека градот Кочани си има свои проблеми и огромни проблеми за решавање, посебно во делот за инфраструктурата.

Градот Кочани уште има безброј улици неасвалтирани каде што граѓаните си газат кал и кои што немаат канализација. Градот Кочани сеуште нема направено колекторски систме за одводот на фекалната канализација. Додека Зрновци го има

сето тоа. И зошто треба тие пари кои што граѓаните од Зрновци ги издвојуваат, нели, со плаќањето на даноците како што е данокот на ДДВ, данокот на имот, персоналнот данок, комуналните такси, сите тие давачки кои што ги издвојуваат од својот буџет и ги дават на државата да отидат во Кочани. Факт е дека општина Кочани во изминатите 50 години, од 1945 година до 1996 година, ниту денар од средствата кој што овие граѓани ги издвојувале нема одвоено за да изгради нешто во ова населено место. Се што е изградено, изградено е по пат на местен самопридонес, изградено со додатно издвојување од буџетот на граѓаните во Зрновци, или со помош на Земјоделската задруга "Зрновка" која работеше успешно во тие години.

Како може да се занемари фактот дека граѓаните средствата кои што ги издвојуваат со плаќање на даноците треба да бидат инвестирани во нивното населено место. Тие се наменски за таму а не во некое населено место каде што живеат некои други граѓани кои што издвојуваат за нив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани колеги, јас ве молам за тишина.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Инаку, ќе ви кажам дека само во основ на бројот на жители општина Зрновци со новиот закон за финансирање ќе има по однос на данокот за додадена вредност негде на годишно ниво над милион денари. Или груба проценка е дека буџетот на оваа општина само по изворните приходи без донации би била околу 5 милиони денари. Да не го занемариме фактот дека во оваа општина се плаќаат комуналии и приходите од комуналии не се за потценување. И, зошто тие пари да не останат таму во тоа населено место, во таа општина бидејќи се пари на граѓаните кои што живеат таму, туку треба да отидат во градот Кочани тој да ги решава проблемите.

Сакам да посочам уште еден момент дека правиме огромна грешка со спојувањето на руралните општини со поголемите центри - градовите бидејќи размислувањето дека градовите се грижат за овие помали населени места е погрешно.

(Пратениците помеѓу себе разговараат во салата).

Претседателе ве молам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господа пратеници незнам што е подобро дали да ве викам за кворум или овде да зборуваме.

Повелете господине Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Како што реков парите кои што се издвојуваат од граѓаните на општина Зрновци потребно е таму да останат, не треба овие средства да влезат во касата на градот Кочани бидејќи факт е дека градоначалниците на поголемите градови гледајќи го интересот да победат на следните избори се насочуваат на изградба на објекти само во центарот на општината односно градот бидејќи гласовите што доаѓаат од помалите населени места се занемарливи. Така да ние неможеме да очекуваме да се смени политиката градовите да се грижата за малите населени места. Тоа е така и сите ние тоа добро го знаеме. И, зошто да направиме неправда овие населени места да ги споиме кон големите, поголемите, далеку се од големи, во Македонија се е мало, поголемите центри како што се градовите бидејќи сме свесни дека ќе направиме грешка.

Исто така, стратегијата која што е зацртана и во политиката на Владата јасно кажува дека оваа Влада ќе се бори за рамномерен развој на целата држава, на цела територија, на сите населени места во државата. Значи, не стоиме на она што како стратегија го усвоивме во Собранието на почетокот на мандатот на оваа Влада, на почетокот на работата на ова Собрание.

Ние со ова ќе се вратиме назад пред 1996 година кога имавме, јас слободн можам да кажам неразвиени градови кој знае како инфраструктурално, но тоа е грешка на локалните власти кои таму работеле бидејќи средствата кој што ги имале на располагање не ги употребиле како што треба, не ги трошеле домаќински и целосно неразвиени, односно села без никакви услови за живот.

Сега ситуацијата е друга, ние имаме градови каде што исто така зависи, од секој поединечно е нешто направено и имаме многу напредни општини кои што 8 години егзистираат во државата и еден огромен број на проекти кои што се завршени или се во фаза на изведба. Дали ние нема да направиме една огромна материјална штета со тоа што ќе ја прекинеме изградбата на овие објекти и ќе оставиме на забот на времето да ги уништи.

Јас ќе ви кажам дека ако се направела поголема анализа на парите кои што се вложени во инфраструктурата на објекти кои што не се завршени ќе се добие сума од која што ќе боли глава. Ние сега со укинувањето на овие општини сите тие објекти ќе ги оставиме на забод на времето односно целата таа инвестиција ќе биде уништена. Тоа е случај со многу објекти затоа што одредено внимание не се сврте кон нив во изминатите две години така да имаме веќе и штети во тој поглед, а

посебно на локални патишта кои што не се доинвестирани, кои што не се довршени работите.

Еве уште еднаш ќе апелирам до министерот едноставно да ги заборави партиските ставови односно она што е како договор направено врз основа на некој согледувања за изборите, каде може да се победи, како ќе се победи туку да се влезе во реалноста, да се погледне вистината и едноставно да се гледа, пред се, развојот на државата, а не личните односно тесните партиски интереси.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Стаменков,

Збор има госпоѓа Којзеклиска.

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам Претседателе,

На почетокот сакам да кажам дека овој амандман се поднесува со цел општина Зрновци да остане таква каква што е предвидена со сеганшниот закон за територијална поделба. Значи, да нема забуни, сакаме да остане во овие граници во кои е сега.

Тоа е првата работа која сакам да ја кажам.

Втора работа, министерот во образложението, дали го прифаќа амандманот или не го прифаќа, за разлика од економскиот параметар кој го даде за претходниот амандман за Житоше, за Зрновци, кажа дека направиле некакво испитување во Министерството за локална самоуправа, меѓутоа не дсаде конкретни бројки со колку средства располага општина Зрновци, туку кажа дека од испитувањата направени, интерни, во Министерството за локална самоуправа, нема. Значи тој факт како одаток го нема.

Би сакала накратко да кажам за критриумите кои  се дадени од министерот Гештаковски, во односна начинот на новата територијална поделба на Република Македонија за Зрновци. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓа Којзеклиска да ве предупредам, превентивно да не отидеме во општа дискусија за критериумите, кои критериуми се задоволени од општина Зрновци а не се уважени од Министерството за локална самоуправа.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ве молам послушајте ме па ќе видите.

Значи првиот критериум се природните и географски услови, морфолошки карактеристики на просторот за општина Зрновце.

Од вкупните 1700 хектари со кои располага општината Зрновци 57% отпаѓаат на шумски површини, 32% се обработливо земјиште и остатокот останува така како што е распореден во самата општина.

Имаме канал за новоднување од хидромелиоративниот систем +Брегалница" со кој се наводнуваат обработливите површини во Зрновци,

Вториот критериум, комуникациско поврзување на населените места.Сите населени места се инфрастуктурно поврзани со асвалтни патишта со општинскиот центар, а самата општина Зрновци е поврзана и со општина Кочани и со општина Виница.

Третиот критерим, за да бидам јасна, гласна и прецизна, економската способност на општината, ќе побарам од министерот за локална самоуправа да ми ја даде бројката со која тој испитува во Министерството, а не ја даде. Јас само ќе му посочам определени капацитети кои постојат во општина Зрновци. Имаме конфекции, три, кои работат. Имаме АД Руен, ковачница, имаме приватизирана земјоделска задруга "Зрновка", погон за преработка и конзервирање на градинарски култури, со капацитет од 1200 тони, друштво со ограничена одговорност основано од едно лице "Дрвопром", во село Мородвис кое спаѓа во општина Зрновци, за производство на фина дрвена браварија, "Струмица Табак", погон во село Видовиште кој исто така спаѓа во општина Зрновци.

Колега Стаменков кажа определени параметри за кои разговарал со министерот за локална самоуправа, меѓутоа, очигледно на министерот тие економски параметри, или критериуми не му значат ништо, па едноставно ја брише општина Зрновци и ја става во општина Кочани.

Четвртот критериум, постоење на објекти од општествен стандард и јавни служби. Тука имаме здравствена амбуланта, имаме јавно комунално претпријатие,

постои македонска пошта, основно училиште и две подрачни училишна, дом на културата во село Зрновци, во село Видолиште и во село Мородвис.

Наредниот критериум, демографска големина на општината и на општинскиот центар.

И самиот министер во неговото експозе кажа дека со новата територијална поделба на Република Македонија имаме 13 општини кои се од 5 илјади жители. Би сакала само да ги посочам а то се Вевчани 2433, Вранешница 1322 и Зрновци како бројка како според податок го давам 3246, мимслам дека беше со првиот предлог на Министрството за локална самоуправа.

Јас би сакала министерот за локална самоуправа, како што го остави Вевчани, немам ништо против, Вевчани да остане како посебна општина во Република Македонија, меѓутоа, би сакала да прашам и да ми објасни кои биле причините од друга страна да ја избрише општине Зрновци како самостојна општина.

Ќе се надоврзам накратко на она што го кажа колегата Стаменков за тоа како оваа општина ќе биде дел од новата општина Кочани а имајќи го искуството до 1996 година кога општина Зрновци стана самостојна општина. Значи имаме претходно повеќе децениско негативно искуство кога оваа општина била во склопот на општина Кочани. Тоа ќе ни се случи и со сите општини кои се укинуваат со оваа триторијална поделба, со оглед на објаснувањето се оди на окрупнување на општините. Меѓутоа, конкретно за општина Зрновци можам да кажам, а веројатно времето ќе покаже дека ќе се однесува и на сите општини, е покажана јасна незаинтересираност на општина Кочани за проблемите на населението од сегашната општина Зрновци а претпоставувам и за општина Оризари, со оглед на тоа што и двете општини се га доаѓаат во општина Кочани. Значи, имаме еден крајно индолентен однос на општина Кочани, од искуство кое верувам, за жал верувам дека ќе продолжи и во иднина.

Следниот сегмент на кој сакам да укажам, значи, овој се однесуваше на тоа дека оштините апсолутно нема да водат сметка за најруралните подрачја кои влегуваат во оваа нова општинска карта која се прави.

Значи следниот сегмент, имаше одржано референдум, како што имаше и кај останати 39 а можеби и повеќе со кој граѓаните на општина Зрновци од 3264 жители, 99,5% гласале за поддршка на опстанокот на оваа општина, и незнам зошто Министерството за локална самоуправа немаше слух, од првата до оваа фаза, во однос на референдумите кои знам дека не се задолжителни, меѓутоа, ако се работи за задоволување на интересите на граѓаните на општините во кои живеат, и овозможување на подобри услови за нивно нормално функционирање, сметам дека

Министерството и Владата направија страшен пропуст и го дадоа овој небулозен предлог за територијална поделба на Република Македонија. Сметам дека колегите од позицијата не треба да реагираат на амандманите кои се поднесени од опозицијата, затоа што на крајот на краиштата можеби ваквиот небулозен предлог генерира таков вид на амандмани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам, г-ѓо Којзеклиска.

Колку што можев да приметам од позицијата воопшто не реагираше.

Повелете г-дине Георгиевски имате збор.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, членови на Владата.

Јас потекнувам од тој крај и како човек кој постојано е присутен таму можам да кажам за развојот на тоа село односно на општината.

Додека да стане општина селото Зрновци се развиваше но со ограничени услови. Откако стана општина во 1996 година па наваму, забележува голем напредок. Направена е цела инфраструктура, изградени се улици, водоводи, и се што е потребно за егзистирање на една напредна општина. Така што денес Зрновци спаѓа меѓу една од поразвиените, може да се каже и најразвиени подрачја во Кочанскиот дел, па и пошироко. Поради тоа, тоа што сега се предлага да се остане како општина, е апсолутно оправдано и така треба да се направи.

Претходните дискутанти тоа што го кажаа за Зрновци, со тоа дадоа една јасна слика дека има инфраструктура, стопански развој, стопански објекти инт. Меѓутоа, тие заборавија дека Зрновци има и своја Хидроцентрала што ги задоволува потребите на својата општина дури и пошироко. Тоа значи дека таа располага и со енергија што во ова време е најпотребно. Општина која има и произведува и електрична енергија е за посебен почит, за посебнастимулација и место таа да се развива, еве ние ја укинуваме и ја ставаме под капата на друга општина која нема да се залага за нејзиниот развој, туку ќе гледа што повеќе да ја искористува за други потреби.

Овде треба гласно и јасно да се каже дека градот спрема селата не се доволно грижи. Постои просто аверзија на градот спрема селските средини. Ние мораме да си создадеме свои селски општини кои ќе се грижат за својот развој а

Градот  за своите, бидејќи едини се  потребите во градот, други се во селото.
Во селата луѓето си ги извршуваат своите комунални и други потреби и надвор од работното време. Навечер ќе се соберат пред општината, пред кооперацијата и ќе ги решаваат своите проблеми што го мачат селото, додека градот си има до 14,00 работно време и завршува. Така што општинските проблеми што ги имаат селаните не се совпаѓаат со градскиот начин на живеење. Поради тоа апелирам до пратениците кои овој пат гласаат малку да слушнат овој пат што се зборува бидејќи тоа е нивна држава, тоа се нивни луѓе кои од нив очекуваат да се има разбирање.

Јас се чудам како можеше министерот на некоку места да не интервенира, да се заложи, барем таквите поразвиени општини да си останат како свои. Со тоа се прави добро за државата и за народот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 15 гласале за, нема воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 47-а по точката 47, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине претседателе, со предложениот амандман пратеникот Трендафилов предлага општината Извор да продолжи да егзистира во постоечките граници. Бидејќи во основа таа не ги задоволува критериумите, врз основа на новите надлежности, новите потреби на општините, и во делот на критериумите, амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Трендафилов имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Како што кажав и во текот на вчерашната расправа по амандманот кој ја одреди или ја одредуваше понатамошната судбина на до вчера постоечката општина Богомила, ние можевме да одиме и со друга варијанта, да поднесеме амандман со кој би инсистирале да се спојат општините Извор и Богомила, но таа веријанта беше напуштена затоа што генерално земено Министерството за локална самоуправа, како што реков ги менува границите на четири општини, вклучително и границата на град Велес, се со една единствена цел да воспостави, во непосредна близина на градот Велес територија која во иднина ќе биде отворена за понатамошна колонизирање, би рекол, затоа што ако министерот за локална самоуправа се потрудил, ако не повеќе да погледне од безбедносен аспект што се се случувало во минатото на територијата на општина Извор и на територијата на општина Богомила, ќе видите од каде доаѓаат најглавните проблеми во смисла на узурпирање на приватно земјиште и узурпирање на државно земјиште. Секако дека тие проблеми не доаѓаат од локалното население, без оглед дали станува збор за жителите на општина извор, или на општина Богомила, туку тоа доаѓа од, прашање е дали секогаш станува збор за државјани на Република Македонија кои воопшто не живеат на територијата на општина Велес, на територијата на Општина Извор или Богомила, но за тоа со полн капацитет узурпираат не само државно земјиште, во смисла на злоупотреба од сечење на шумите, земјоделско обработливо земјиште во сопственост на Република Македонија и земјоделско обработливо земјиште во сопственост на локалното население. Бидејќи воглавно станува збор за население со висок степен на старост, зеено процентуално, ако не друго Владата можела да се обиде да излезе со друг предлог, во поглед на судбината и иднината на населението на територијата на општина Извор, затоа што дел од населените места на територијата на општина Извор се далеку поблиску до вчера постоечкото седиште на општина Богомила, селото Богомила, отколку до Чашка. Но, како што реков и вчера ќе кажам и уште еднаш дека вие господине Гештаковски не почитувате ниту сте тргнале од никаков друг критериум, туку единствено да воспоставите со алхемимски средства и принципи на лабораториски прекројувања на четири општински граници, само некои за кој вие мислите дека треба да добие над 25% застапеност, за да формирате општина која во иднина планирате тоа да биде општината Чашка. Ваша единствена цел било тоа да направите двојазична општина, практично во центарот на Република Македонија, притоа негрижејки се ниту водејќи сметка за било какви потребиу на месното население, најмалку потребите каде тие би ги остварувале своите права, каде се наоѓаат училиштата, каде се наоѓаат

интернатите за сместување за учениците од осмо одделение, каде се наоѓаат здравствените амбуланти, какви се патните правци и воопшто инфраструктурата на локално ниво. Единствена цел би била и вие тоа секако успеавте да го направите, да донесете предлог пред Собранието на Република Македонија , кроејќи ги и уништувајќи 4 општини, се со една единствена цел. Јас, ако не друго би ве запрашал дали воопшто се обидовте да видите што се се случува во тој крај затоа што велам, населението во таа територија се луѓе во години и можете да се уверите, доколку ги прашате луѓето од повеќе населени места и од територијата на општина Извор и од територијата на општина Богомила, колку пати тие барале заштита од припадниците на МВР и други соодветни служби затоа што некој едноставно им ја украл приватната сопственост и ги користи во сопствени цели, земјиште кое спроед Законот и според даночните пријави што гие ги добиваат на своја домашна адреса, се нивни.

Видете како се реагирало последниве две години во тие краишта и на што се ќе ги изложуваме луѓето. Бидете сигурни дека во моментот очекувам како за општина Богомила така и за Извор да не помине овој амандман. Вие сметајте дека сте поканети лично од жителите на овие две општини да ги посетите за не повеќе од 3-4 години, па да ги видите во каква ситуација тогаш тие ќе се наоѓаат.

Јас навистина не можам да ве сватам со таква упорност и со таква тврдоглавост да префрлувате 4 општински граници, да уништите три општини, без притоа да не водите сметка за ништо друго, само со една единствена цел да направите некаков збируток, некаков конгломерат само да допрете до бројката до 20 и неколку проценти која ви е единствениот критериум да ги правите овие општини. Гледате според предложената карта г. Гештаковски во правец на југозапад со кого би се граничела оваа општина, на север-северозапад со кого се користи, а да не зборувам за тоа каква територија правите кога воглавно од планинска се обидувате да сместите на едно место цело едно население кое воопшто, на најразличен начин заработува за живот. Ги спојувате низинските села кои се блиски до Извор, ги спојувате планинските села, вчера зборував за селата Орешје, Папрадиште и останатите и вие во иднина ќе очекувате граѓаните на таа територија своите права да ги остваруваат подобро отколку што ги остварувале до вчера, притоа, занемарувајќи ги од ваша страна сите предности и позитивни резултати кои беа постигнати на пошироката територија т.н. област Азот. Јас ве уверувам дека вие свесно на овој начин во иднина ќе предизвикате единствено конфликтни ситуации,

кои само еден Господ знае колку лошо ќе можат да завршат, но со оглед на досегашното искуство што го имаат жителите на локалното население во овие две општини и искуствата што ги имаат со оние кои им ги узурпираат и приватното обработливо земјиште и шумите во тој регион, вие сте на најдобар пат Шумскиот фонд за година и пол да го преполовите, затоа што сега им е тешко на органите на прогонот да воспостават ред и мир, но бидете сигурни дека тоа таму што се случува не се должи на кревките старци од Нежилово, кои се во состојба да исечат по 10 кубици букова шума дневно, туку сепак тоа некој друг го прави.

Затоа господине Гештаковски, сметајќи дека сте поканети за 3 до 4 години да дојдете таму и да им ја објасните вашата добра намера на локалното население, се разбира, доколку повеќето во тој период додека го очекуваат вашето присуство таму нема да се иселат, бидејќи обично се иселуваат во Велес.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов една забелешка, јас можам да ја прифатам вашата упорност, но не можам да прифатам тврдоглавост, бидејќи да тврдите дека некој е тврдоглав треба да тврдите дека вие сте во право, вие само претпоставувате дека тоа може само да се случи и во иднина мораме да внимаваме со какви зборови се користиме.

Повелете процедурално господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мислам дека г. Јордановски требаше да дозволите господинот Гештаковски да одговори на моите забелешки, а потоа доколку и вие го делите неговото мислење, слободно можевте да се придружите кон неговиот став. Вака сфаќам дека вие сте поблиску во некаква улога, како да зборувате во име на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов јас само сакав да бидеме достоинствени да ги користиме коректните зборови. Не сум ни против тврдоглавост ако докажете дека вие сте во право. Тоа времето ќе го покаже.

Повелете господине министре имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Трендафилов отворате две многу интересни прашања, кои сигурно овде пред Парламентот, во интерес на граѓаните треба целосно да ги отвориме, да разговараме и да излеземе со чисти и јасни ставови за иднината, како за развој на локалната самоуправа, така и за развој на Република Македонија.

Првото прашање кое го отворате и јас ви се заблагодарувам ако имате право во име на граѓаните да ме поканите по 4 години и мислам и правиме напори да заживее животот во тие општини, бидејќи како што вие сами велите таму се само старци. По 4 години сигурно и во овој дел на општината Извор во кој имаме околу 1000 жители, сигурно ќе бидат преполовени, ако не направиме нешто и ако оставиме да функционираат како досега што функционирaa.

Првата теза која ја вадите, зборувате за функционирање на правната држава и на вчерашните ваши аргументи за Чашка и на сегашните сега за Извор.

Господине Трендафилов, ние пренесуваме надлежносит од локално значење во интерес на граѓаните. Основните функции на државата Република Македонија остануваат во централната власт. Зборуваме за функционирање и дали функционирала правната држава, тоа е прашање во кое дали оваа Влада и претходната треба да воспостави на својата територија. Зборувате за сечење на шуми, за земјоделско земјиште, за узурпација. Никаква надлежност нема локалната власт во тие делови кои се во интерес на државата и под заштита на државата.

Во општината Извор сигурно има два чиновника во една канцеларија, што не можат ништо да превземат и еден градоначалник. Што значи во сите овие општини треба да направиме да профункционираат ако досега не профункционирала во тој дел, ако имаме кражба на шуми, сечење на шуми, продажба, имаме Јавно претпријатие, имаме Шумска полиција. Тоа е оној друг дел за кој зборувате и нема врска со локалната самоуправа на тие 1000 старци таму. Тоа е едното прашање кое е јасно и кое треба да го развиваме. Иницијативи да, но институциите на државата треба да функционираат.

Второто прашање кое цело време и во предлогот за донесување на закон го наметнувате, општината Чашка е направена заради овозможување на припадниците на албанската заедница да го добијат службениот јазик. Да, од оние граѓани кои живееја во основа во општината Чашка со приклучување ни се зголемуваат и ни се намалуваат. И досега во општината Чашка, како што знаете вие го имавме делот на застапеноста на Албанците и во тој дел сега имаме општината Чашка заедно со Извор и Богомила живееја 2703 Албанци. Ако 2703 припадници на албанската заедница претставуваат и ја загрозуваат безбедноста на Република

Македонија се согласувам во централниот дел на државата и мислам и господинот не е тука, но е пратеник Љупчо Георгиевски кажуваше во Чашка е служben јазик со 2703 припадници на албанската заедница е загрозена Република Македонија, тие ќе ги иселуваат Македонците, ќе влијаат на Велес и на цела Република Македонија. Не е правено врз основа на етничкиот дел на вештачко пренесување, или префрлување од друга општина. Тој дел е една целина Чашка, Извор и Богомила кои создаваат услови. А вие добро знаете и треба да кажете во тој простор живеат припадници на албанската заедница уште во две села големи тоа е Бузалково и Сливник, кои заедно доколку би се направиле вештачко припојување кон Чашка, а знаете колкава е близината и би требало да го коментирате тој дел кои се наоѓаат во Велес. Значи не се прави никакво вештачко пренесување на припадниците на албанската заедница за одредени други намери кои сакате вие да ги пренесете и да и ги пренесете на јавноста. Луѓето живеат таму, се опфатени со пописот и се организирани како сите други општини, врз основа на принцип на окрупнување. Инаку, капацитетите сакате да ви ги кажувам за Чашка, вие добро ги знаете колку има вработени. Немаат воопшто вработени. Основни средства буџетот на општината за која зборуваме Извор е 5 илјади евра. Кој данок на имот, кој комунални такси и каква функција ќе обавуваат, доколку ги иставиме врз основа на сопствените изворни приходи или воведуваме еден нов принцип принципот на финансирање на општината врз основа на своите капацитети треба во голем дел да ги задоволува. Ние даваме права со фискална, нема повеќе барање од Буџетот, барање од други извори, фондови и дотации. Добро е да има грантови но да бидеме свесни тие грантови се полека и полека ќе се намалуваат. А треба да ги направиме општините како што истакнав во претпристапниот период, во овој период кон структуралните фондови, да имаме општини кои ќе имаат моќ, ќе имаат капацитети како и проекти да работат, да поднесуваат барање, да контактираат во делот на структуралните фондови. Развој на локалната самоуправа и самиот развој во Република Македонија е основа структуралните фондови на Европската унија кој не би сакал да ги кажувам во кој дел и во кој обем се доделуваат и се доделени на другите држави членки или кандидатки Бугарија и Романија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов имате три минути реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Гештаковски јас прифаќам ова што вие го зборувате, само ако станува збор за децентрализација. За жал, ние во овој момент не зборуваме за децентрализација. Вие зборувате дека јас знам за старосната возраст на населението во општина Извор и селата кои што спаѓаат во таа општина. Да, воглавно тоа е така, но исто така би сакал да слушнам да кажете зошто, а не очекувам тоа сега да се случи во крајна линија вие секако немате дирекна линија за тоа што се случува. Вие самите рековте дека основна намера на Владата на Република Македонија и воопшто основна намера на секоја Влада на земјава треба да биде во рамките на поттикнување на развојот почнувајќи од локално ниво. На овој начин, со оваа територијална поделба, јас сеуште не зборувам за децентрализацијата како квалитет, затоа што со оваа територијална поделба длабоко сум убеден ние нема да дојдеме до централизација како квалитет. Значи облиците и формите на контрола на власта и услугите на локалното население преку локалните облици на власта, нема да биде поблиску до тие права отколку што е сега. Затоа зборувам сеуште од аспект на територијалната поделба. Вие на овој начин, барем што се однесува за областа Азот за населените места оттаму што припаѓаат, кога велам дека рушите 4 граници вие ги нарушувате границите на  Велес затоа што две села земаме од Велес ги префрламе во Чашка. Далеку поприродно беше доколку зборувате за децентрализација да се обидевте да ги врзете како посебна општина на пример Извор и Богомила, а Чашка да ја оставите како самостојна. Или било каква друга комбинација но не може таа комбинација да ги префрлате луѓето од една општина во друга општина, само со цел велам да се дојде до тие фамозни проценти. На крајот на краиштата она што го кажуватге за кој се ингеренциите или дека немала локална самоуправа ингеренции во оние недостатоци и проблеми со кои се среќава локалното население. Делумно е така, но делумно и не е така од едноставна причина што вие не можете да тврдите дека онаму каде што тие програми се детектирани дека тоа се должи исклучиво на тоа што локална самоуправа и локалните облици на власта немаат ингеренции во таа свера. Тоа се должи поради тоа што не се забележува воопшто присуство на централните власти. Значи вие се обидувате нешто што историски никогаш не се случувало на територијата на пошироката територија Азот сега да направите двојазична општина. Јас верувам дека само на тој начин ќе предизвикате недоразбирање и непријатности меѓу локалното население и тоа нема да чекаме многу долго време.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви поминаа трите минути господине Трендафилов.

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, јас би сакал да се приклучам на дискусијата околу постоењето на самостојна општина Извор, како самостојна единица на локална самоуправа во Република Македонија , бидејќи гледајќи го предлогот во првата фаза во која што имаше структура на сите ново формирани општини, тоа се Богомила, Извор и Чашка, во која што за жал во втората фаза од предлогот воопшто не е дадена таа структура, па ќе мораме да ја користиме со законот од првата фаза. Јас мислам дека вопошто не се почитувани сите критериуми за формирање посебна општина Чашка. Имено, сметам дека етичкиот критериум е најважниот и доминантниот при одлучување да се формира општина Чашка во чии што граници сега влегува и општината Извор во која што од прегледот кој што ни е даден на законот од првата фаза, може да се виде дека 99,24% се Македонци. Исто така и општина Богомила во која што 95, 21%, исто така се Македонци и општина Чашка во која што 73,91% се Македонци и 7, 47% се Албанци. Сега во сите тие три општини кога ќе се спојат, ако го гледаме етничкиот карактер, ќе видиме дека процентот на македонското население е 59,43, а на албанското е 33,06%. Бидејќи општина Богомила има 1252 жители, општина Извор 1049, а општина Чашка 5140, што значи дека иако процентот на Албанците е мал само 7% во општина Чашка, меѓутоа со оглед на апсолутниот број 2415 во вкупниото број на ново формираната општина 7441, значи 33,0% на албанско население во оваа новоформирана општина Чашка. Сметам дека се прави голема неправда во срцето на Република Македонија да се формира општина на ваков начин. Сметам дека е вештачки сето ова што се прави и сметам дека не оди во прилог ниту на Албанците, ниту на албанската заедници, ниту на македонската заедници, бидејќи на овој начин ќе се зголемат само општините. Тоа времето ќе го покаже. За жал, не би сакал да е така, меѓутоа сметам дека сето она што се случува досега како пракса ќе продолжи нема никакви индиции дека тоа нема да биде така во иднина и според тоа сметам дека наместо ние меѓуетничките односи да ги подобруваме на овој начин со правење на вештачки општини дека само меѓуетничките односи ќе ги поларизираме уште повеќе што сметам дека не е добро за иднината на Република Македонија и поради тоа сметам и се приклучувам на

предлогот да се изгласа овој амандман и општината Извор која што се наоѓа во срцето на Република Македонија да остане како самостојна единица на локална самоуправа, притоа апцептирајќи ги и земајќи ги предвид сите овие аргументи кои што ги кажа колегата Трендафилов од економскиот аспек од природните богатства кои што се доволен услов за економско опстојување на оваа општина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Коце Трајановски, но вие не ги слушнавте сите аргументи на г-динот Трендафилов, бидејќи сега повторно има збор г-динот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас ќе бидам многу краток до колку ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете процедурално г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, од каде знаете дали јас ги слушнав или не ги слушнав сите аргументи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Така рековте во вашиот говор дека подржувајќи ги сите аргументи, но г-динот Трендафилов се јави има уште аргументи. Нему му дадов збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Можеби нема да кажува аргументи, можеби нешто друго ќе каже.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Друго нема да му дозволам освен аргументи за да остане општина Извор со седиште во село Извор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Можеби истите ќе ги дообјаснува. Не би требало да коментирате вака.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Г-дине Гештаковски имам само едно кратко прашање до вас, јас ќе дојдам со вас оној ден кога вие ќе се согласите да појдете и на влезот во Ореше да поставите двојазична табла. Јас ќе бидам со вас кога вие тоа ќе го направите откако овој закон, за жал, до колку добие подршка и доколку пратениците не речат и не дадат подршка на ваквиот ваш предлог за ваква монструозна општина Чашка да формирате.

Дали можам да ве видам таму кога ќе ја местиме двојазичната табла?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Сакате да кажете г-дине Трендафилов дека не го почитувате Уставот на Република Македонија. Во единиците на локалната самоуправа покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо службен јазик е и јазикот и писмото кое го користат најмалку 20% од граѓаните од таа единица на локалната самоуправа.

Дали сакате да кажете дека не го почитувате Уставот на Република Македонија кој е изменет врз основа на Рамковниот договор и кој, за жал, морам да кажам пред вас стои еден од потписниците, тоа е г-динот Љубчо Георгиевски. Во Охрид јасно и гласно за локалната самоуправа се договори тој принцип и јас како министер во Владата на Република Македонија , суверена, самостојна, сум должен, сум дал заклетва да го почитувам. Ако некој не сака тој принцип да го стави или ако сака да не го почитува, ќе одговара, согласно законите на Република Македонија.

Јас сум дал пред вас изјава и должен сум да го почитувам и го почитувам Уставот на Република Македонија кој во 2001 година, врз основа на Рамковниот договор е изменет и е во правна сила.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи беше помала дискусијата од три минути, повелете г-дине Трендафилов имате контра реплика од една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мене не ми е јасно зошто стана збор за почитување или непочитување на Уставот. Јас како пратеник меѓу другото избран и од гласачите во примерот што го спомнав Богомила и Ореше само го замолив министерот кога ќе ја мести таблата да ме покани и мене. Јас не реков дека ќе правиме нешто таму, незнам зошто стекна таков впечаток, но сепак добро е што укажа и на тоа г-динот Гештаковски дека има дадено заклетва и дека ќе ги почитува законите, јас сум го изумил тоа, благодарам што ме потсети дека е должен да ги почитува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Георгиевски имате реплика на министерот за локална самоуправата, повелете три минути.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Оваа тема заслужува образложение малку подоцна кога ќе има општа расправа, меѓутоа, бидејќи г-динот Гештаковски ме спомна сакам многу јасно и decidно да кажам дека ова што ни се нуди воопшто не е дел од Рамковниот договор во Охрид од повеќе причини.

Прво, затоа што г-динот Гештаковски токму ме спомна за Рамковниот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, ова е реплика на тоа што министерот го кажа, да бидеме коректни.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Делот кој се дискутираше е прецизиран буквално, тоа е делот какви ингеренции имаат новите децентрализирани општини во Република Македонија .

Делот што се однесува за територијалната поделба во Република Македонија е спомнат само со една реченица и тоа со зборот “ревизија” што на македонски не се преведува со зборот “тотална промена”, туку значи корекција на границите.

Со оваа територијална поделба немаме корекции на границите и тоа е додадено прво со волјата на локалната власт во договор со централната власт, значи имаме комплетно изместување на суштината на Рамковниот договор.

Тоа понатаму се гледа во делот на Скопје каде делот на употребата на албанскиот јазик е најдецидно прецизираниот дел во Рамковниот договор и за што се зборуваше можеби еден месец и многу јасно беше потенцирано дека употребата на албанскиот јазик е само во оние точки што децидно се наведени во Рамковниот договор, значи имаме уште еден Анекс во Рамковниот договор и делот што се однесува на средното образование кој воопшто не е предвиден во Рамковниот договор.

Затоа ве молам кога зборувате за нов закон за територијална поделба да не се вадиме на Охридскиот договор, ова е нешто сосема ново, ова е сосема нов договор, ова е Анекс на Рамковниот договор од Охрид и ве молам зборувајте и употребувајте го зборот територијална поделба без да се повикуваме на Рамковниот договор затоа што очигледно имаме изместување на целата ситуација од она што таму е напишано.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре имате контра реплика.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине пратеник Георгиевски, јас се повикувам на амандманот 5 кој вашата Влада го предложи врз основа на Рамковниот договор во кој презедовте обврска и во општите принципи и во Анексот А и Б и законодавна дејност во рок една година да предложите закон за ревизија на општинските граници по новиот попис.

Незнам зошто мислевте на новиот попис? Но, кога сме тука јас би сакал да ви укажам на друго ваше укажување кое предизвика голема недоумица во јавноста. Вие јавно пред медиумите изјавивте дека кога се договаравме во Охрид не станувaше никаков збор за делот на трансфер на надлежностите за средните училишта. Јас би сакал да ве потсетам дека точка 8 од членот 22 кој вие го имате потпишано до Парламентот пишува:

Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, вие изјавувате дека во Охрид не било договорено средното образование да оди во надлежност на локалната самоуправа.

Г-дине Георгиевски врз основа на овие надлежности се правени и Законот за локална самоуправа и делот на територијалната организација. Бевме свесни дека со утврдување на надлежностите, а и вие бевте свесни во тие договарања, ќе бараат општини со капацитети од делот на административните во делот на фискалните

општини кои ќе треба граѓаните да им понудат услуги врз основа на сопствени изворни приходи, обврски преземени од делот на финансирање.

Сметам дека е непотребно препукување во она што е јасно и прецизно укажано во Уставот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кој друг бара збор?

Г-дине Георгиевски вие немате право на контра реплика, се извинувам.

Г-дине Трендафилов вие барате збор?

Нема да ви дозволам ако реплицирате на ова да зборувате за Извор повторно.

Повелете зборувајте за Извор, бидејќи барате збор, ако осетам дека имате реплика на ова ќе ве прекинам затоа што не можеме сега да го менуваме Деловникот, повелете имате збор.

Г-динот Георгиевски доби три минути реплика на изјавата. Г-динот министер помалку од две минути даде контра реплика.

Имаше дискусија помеѓу г-динот Георгиевски и министерот , можеби не е за Извор, но по одредени теми кои се отворија.

Во врска со она што г-динот Трендафилов кажа дали ќе го повика министерот кога ќе се поставува двојазична табла.

Повелете г-дине Трендафилов имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас на почетокот..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, повелете г-ѓо Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Претседателе, ве молам во иднина кога пратениците од опозицијата ќе започнат во дискусиите за амандманите една поширока политичка дебата да не ги прекинувате, како што тоа не го сторивте со министерот Гештаковски, а до колку министерот Гештаковски сака да полемизира, тоа може да го направи на телевизиски дебати, а денеска дискутираме врз основа на поднесените амандмани.

Затоа ве молам исто онака како што постапивте со министерот Гештаковски да не ги прекинувате пратениците од опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓо Самоиловска прво не дозволувам поширока политичка дебата да се води по конкретен амандман каде е конкретно место, конкретно село. Министерот одговори баш затоа што г-динот Трендафилов малку отвори една поширока политичка дебата, со тоа што го повика за таблата околу двојазичноста.

Сослушајте ме, бидете парламентарни, министерот Гештаковски се повика на Уставот во врска со импликациите или асоцијациите. Јас му дозволив на г-динот Георгиевски да одговори, бидејќи беше спомнат.

Спрема тоа, никој не го крши Деловникот ниту го злоупотребува.

Повелете г-дине Трендафилов ви давам збор, а потоа г-динот Георгиевски, бидејќи бара збор, а не реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Г-дине Макрадули ако нешто сакате да ми обрнете внимание за кого да зборувам, можете да се пријавите за збор и кажете.

Г-дине Гештаковски уште на почетокот на оваа наша мала дебата околу малата општина Извор, јас спомнав дека вие зборувате за децентрализација, што само како форма го користите дека станува збор на децентрализација, а всушност главната точка е територијална поделба на Република Македонија.

Од тие причини сега сум малку поубеден зошто имаме пред нас ваков предлог максимално конфузен, затоа што вие практично функционирате како неколку влади. Министерот за одбрана го слушнав кога два пати велеше овде дека г-динот Георгиевски не сакал да го потпише договорот, а вие велите дека ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трендафилов јас не ви дадов реплика, јас ви дадов збор, ве молам дообјаснете го вашето залагање Извор да биде посебна општина.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Како што велам затоа овој конфузен пример не ме чуди што се наоѓа пред нас пратениците затоа што г-динот Гештаковски очигледон правел план за

територијална поделба во оној дел на Владата која е во спротивност со делот на г-динот Бучковски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Георгиевски имате збор за општина Извор.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Сакам да повторам зошто уште еднаш го подржувам овој амандман, затоа што сметам дека и овој дел, како и целиот дел што ни е понуден во територијалната поделба воопшто не можеме да се повикаме и да кажеме дека е дел од Охридскиот договор.

Сакам да потенцирам дека кога се разговараше во Охрид главната цел и главната тема на разговор на албанските политички партии беше што е тоа што ќе го имаат како ингеренции во локалната власт.

Суштината беше што е тоа што ќе го има Белиште, Дебар, Камењане, Арачиново како изворни ингеренци на власт. Од тие причини ако го погледнете Рамковинот договор ќе видите дека дел од ингеренциите е буквално прецизиран со точки и запирки и максимално обработен.

Делот на територијалната поделба воопшто не се наметна како проблем освен на начин како што е запишан во Охридскиот договор, ако можеме добро да го прочитаме.

Во Охридскиот договор има само една реченица која се однесува на територијалната поделба која вели дека ќе се направи ревизија на територијалната поделба во Република Македонија прво во контекст со локалните власти во договор со централната власт.

Значи, и овој дел каде зборуваме за амандманот за Извор како и сите други амандмани и комплетно изместување на суштината на територијалната поделба каде од еден разговор кој се водеше таму кои изворни ингеренции ќе ги имаат албансите општини, дојдовме во ситуација колку македонски општини ќе бидат под раководство на албанското ново вештачко формирано мнозинство во Република Македонија .

Од тие причини уште еднаш потенцирам дека до ден денес не ми е јасно како власта на СДСМ успеа толку ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Георгиевски јас ви дозволив доволен вовед, сето тоа што вие мислите, ве молам илустрирајте го за општината Извор. Немојте да водите широки политички дебати, ќе има време за тоа кога ќе отвориме расправа по општиот текст.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Токму во таа насока оваа измена на оваа општина не ја сваќам на ни еден друг начин освен како манипулација и суштинска промена на духот на Охридскиот договор на кој постојано се повикуваме на целата оваа територијална поделба.

Вториот дел, бидејќи оваа општина како и дугите општини ќе ги уживаат повластувањата на новите ингеренции, како што се образование, здравство, јас незнам на што се повикува г-динот Гештаковски, меѓутоа, ќе го потсетам дека после Охрид овде во Скопје се продолжи дискусијата најмалку уште 10 дена за ингеренциите дали општина Извор..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Георгиевски по втор пат ве опоменувам, зборувате за општина Извор, а тие аргументи илустрирајте ми ги конкретно со општина Извор.

(реакција од страна на пратениците од опозицијата)

Не водиме општа расправа по текстот, туку по амандманот.

(пак реакција од пратениците)

Тоа не го зборува г-динот Георгиевски, туку зборува за Рамковниот договор и нека каже за општина Извор каде не е спроведен, на кој начин не е спроведен или е премногу спроведен Рамковниот договор воопштина Извор.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Добро, на тоа ќе се навратиме.

Уште еднаш ќе потенцирам дека, за жал, во ситуацијата на општината Извор како и сите други општини имаме драстично прекршување на Охридскиот договор и затоа воопшто не треба да се употребува терминот Охридски договор, бидејќи ова е сосема друг закон. Ова е закон договор меѓу владеачките коалициони партнери, немаме ништо против што го понудиле овој закон, меѓутоа, да не се употребува терминот Охридски договор затоа што е изменета суштината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мислам дека го фативме вистинскиот пат и начин како треба да се дискутираат амандманите.

Имаме многу реплики, прво би му дозволил на министерот за локална самоуправа реплика, но ве молам да не се шири репликата во широки политички расправи.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине претседателе треба да се зборува со факти, инсистирам од самиот почеток.

Г-дине Георгиевски во Рамковниот договор преточен во Уставот на неколку места јасно и гласно се зборува за децентрализирана власт и би сакал да ви укажам зборува за измената на законите на општинските граници.

(реакција од пратениците)

Мораме да го убедиме г-динот Георгиевски во она што го потпишал. Г-дине Георгиевски во Анекс Ц, (реакција од пратениците) Зошто се плашите, г-дине Георгиевски во Анекс Ц - Имплементација и мерки за градење на довербата, ве молам слушајте внимателно, страните ја повикуваат Меѓународната заедница да помогне ..

(со седницата продолжи да раководи Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, чекајте, г-динот министер дава реплика на дискусијата на г-динот Георгиевски. Тоа директно се однесува на делот за кој зборуваше г-динот Георгиевски и г-динот Георгиевски ќе има право со контра реплика да одговори.

Јас ве молам да го ислушаме министерот Гештаковски. Продолжете министре, како што го сослушавме г-динот Георгиевски тој одговара на делот од дискусијата за која дискутираше г-динот Георгиевски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Георгиевски во Анекс Ц- Имплементација и мерки за градење на доверба во точка 4, страните ја повикуваат Меѓународната заедница да помогне во процесот и на крајот во измена на законот за општинские граници.

Г-дине Георгиевски ова е закон за измена на Законот за општинските грнаици односно т.н. Закон од 1996 година за територијална поделба. Јасно се договоривте каков закон ќе донесеме, тоа е наш , на овој Парламент, на овие пратеници, на претставници на политички партии. Затоа водиме расправа.

Да ви кажам многу јасно врз основа на надлежностите за кои зборувавте вие ги определивте границите и капацитетите на општините. Тогаш требаше да бидете свесни какви општини ќе има во Република Македонија, а во тоа и вие лично ја повикавте Меѓународната заедница да ви помогне.

Оваа Влада правеше напори, процесот да е во нејзина сопственост и сами да го решат овој проблем врз основа на овој Предлог закон, затоа ги сослушуваме вашите мислења, а и јасна е обврската за овој закон.

Благодарам.

ЛИЛИЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, една минута контра реплика имате г. Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Господине Гештаковски, да не се разбереме погрешно, јас воопшто не бегам од дискусија, само да не ми го земат зборот. На оваа тема ќе дискутирам колку сакате.

Значи , уште еднаш потенцирам, а мислам дека вие не ме ни побивте многу, во Рамковниот договор за територијалната реорганизација е употребен само еден термин “ ревизија”. Јас, уште еднаш ќе кажам дека зборот “ревизија” на македонски не значи ниту промена, ниту тотална промена, туку значи нешто како корекција. Или контрола. Значи, јасно е кажано дека на постоечките граници , на постоечкиот Закон за територијална поделба можат да се нарпават корекции. Тоа е потенцирано, прво, во согласност со локалната власт, што вие комплетно ја игнорирате, а потоа вели и централната влст.

Значи, наместо зборот ревизија вие го применувате “тотална промена”. Наместо “предимство на локалната валст” вие давате предимство на централната валст што може да се види. Затоа, уште еднаш потенцирам ова не е закон што е согласност со Рамковниот договор. Ова е закон нов, измислен од новата валст и затоа така треба и да го толкуваме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Со внимание го ислушав г. Георгиевски и тој, за цело време говори за разговорите во Охрид, па би било добро за муабетите и разговорите да се напише една мемоарска книга за што говореле таму со неговите албански соговорници, додека ние пратенциите во Собранието на Република Македонија го читаме ние тоа што е напишано во Рамковниот договор и во Уставот на Република Македонија. Нормално, и од тоа што е напишано донесуваме закони што денеска се наоѓаат пред нас. Така што не е добро и во иднина да се манипулира јавноста за тоа што е разговарано, туку е добро јасно да се каже тоа што е напишано.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Георгиевски, повелете.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Значи, сакам уште еднаш да потенцирам, бидејки постојано некој се повикува на некој дух на Рамковниот договор во Охрид и на нешто што не е јасно од Охридскиот договор.

Сакам уште еднаш да потенцирам дека во Охрид беа отворени уште стотица прашања од страна на албанските политички партии. Половината од нив беа прифатени, другата половина не беше прифатена. Меѓутоа, тоа не значи дека тоа што не беше прифатео албанските политички партии можат да го отвораат секоја година повторно во Република Македонија.

Охридскиот договор нема дух. Охридскиот договор е буквален документ во кој сто пати беше потенцирано сите отворени прашања се отворија, а тие што се прифатија заеднички беа ставени на хартија и беа потпишани. Карактеристичен пример е делот на двојазично Скопје, како и некои други елементи за кои спомнував.

Затоа, во таа насока сакам Охридскиот договор буквално да се почитува. Ако е употребен зборот “ревизија” за териториалната поделба, нека ви кажат

македонските лингвисти што значи ревизија и согласно со тоа да ја направиме новата териториална промена.

Благодарам.

ЛИЛЈАН АПОПОВСКА:

Нема реплики, одиме понатаму.

(Реакции од место).

Не, не, говореше г. Георгиевски, а г. Гештаквокси даде реплика на г. Георгиевски. Исто така и претходниот дискутант Рафис Алити даде реплика на г. Георгиевски.

Затоа , следните дискутанти освен г. Аднан Јашари можам да ги третирам како дискутанти.

Повелете г. Јашари имате три минути.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам, почитувана госпоѓо потпретседател,

Лично, внимателно го ислушав говорот на предговорникот, меѓутоа да ви кажам право знам дека предговорникот не е правник. Исто така знам дека знае да чита би било добро уште еднаш да го прелиста Охридскито договор, да види во колку делови на Охридскито договор се зборува, пишува за законот за територијална организација на Македонија.

Не случајно во основните начела, нагласува во првито дел од оснвоните начела на Охридксито договор, точката 3, се говори за прашањето на територијалната организација. Не случајно во точката 3, 2 од Охридскито договор - Основни начела се нагласува дека ревидирањето на границите или законот за ревидирање на границите, тоа што ние го нареквуаме Закон за територијална организација на Република Македонија, ќе се прави по пописот на населението. Јас знам зошто се вели “по пописот на населенеито”, затоа што во Охридксиот договор тоа што е нагласено во проценти треба да се реализира токму по пописот на населението.

Доколку, бидејки г. Георгиевски бил директно вклучен во подготовката на текстот од  Охридксиот договор, јас ќе му поставам прашање што и зошто предлагачот нагласува дека ревидирањето на единиците на локалната самоуправа ќе се прави попописот на населението.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Георгиевски повелете.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Дека суштината на Охридксkиот договор во делот на децентрализацијата беше сведен какви ингиренции ќе има во локалната самоуправа значи албанските политички партии во времето на Охридксkиот договор беа заинтересирани директорот на болницата, директорот на Здравствените дом, на школото, на урбанизмот, таму каде имаат тие мнозинсатво, да не им го поставува некој од страна, туку локалната валст. И затоа, ако го погледнете Рамковниот договор , ќе видите дека на таа тема најголем дел од делот е посветен и е прецизиран буквално до запирка.

Значи, суштината на Рамковниот договр беше таму каде што се етничко мнозинство или етнички чисти албански населби никој да не им се меша во работата. Тоа беше задоволено од сите преговарачи во Охридксkиот договор.

Суштината на овој закон за територијална поделба се менува со тоа што сега веќе албанските етнички партии не ги интересира да имаат локална самоуправа во Велешта, туку ги интересира Велешта да командува со Струга, а Зајас да командува со Кичево. И тука е проблемот на промената на суштината на територијалната поделба на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме поантаму со дискусии.

Збор има г. Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретсдателке,

Навистина се разви суштинска дискусија по однос на ова прашање затоа што факт е дека овој предлог што е доставен до Собранието, Владата апсолутно нема врска со одредбите од Рамковниот договор на кој што се повика претходниот дискутант, а за кој што се разговараше до сега.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Стојаноски, зборувате за мандманот за Извор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Се извинувам, меѓутоа ако дозволувате на сите, тогаш на сите дозволете им да се искажат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас, колку што следев, сите се навраќаа...

(Дофрлање од место)

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Се работи за границите на општина Извор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас би ве молела да зборувате за границите на општина Извор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Значи, границите на општина Извор, согласно предлогот на Владата на Република Македонија и согласно Рамквониот договор при утврдувањето на овој Предлог на закон се ревидирани, како што тие милуваат да кажат. Што тоа значи? Тоа значи дека е укината таа општина, како што се укинати уште 40-тина други општини. И тоа Владата го нарекува ревидирање сoглансо одребите од Рамковниот договор што сакам да го цитирам за да нема дилеми околу тоа прашање.

Значи, во точката 3.2. од Рамковниот договор стои : “Во рокод една година по завршувањето на новиот попис...

ЛИЛЈАН АПОПОВСКА:

Господине Стојаноски беа веќе читани.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

...ќе бидат ревидирани општинските граници”.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Стојаноски претходно веќе беа цитирани одредбите од Рамковниот договор. Ако може, ве молам, само во контекст на амандманите, ве молам. Да бидеме коректни,ова е сепак амандманска расправа, значи во контекст на амандманите.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Во контекст на амандманот е ова? Зошто не се зачувани границите на општина Извор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Поврзете го во дискусијата со контекстот на амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Се извинувам. Ако Владата сакаше да разговараме колку амбуланти има во една општина, колку има училишта, колку се средни, колку се основни, таа ќе имаше доблест ќе нидоставеше податоци и аргументи заради што ја укинува општина Извор и заради што создава нови општини.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Простете што ве прекинувам. Меѓутоа Владата, јас верувам, ги имала предвид тие работи кога го изготвувала законот. Јас сум сигурна дека во Министерството постојат податоци за сето тоа и за сите инфраструктурни објекти. Меѓутоа и вие знаете и јас знам дека во законот не се набројуваат инфраструктурните објекти. Тоа не е вообичаено.

Значи, би ве молела, бидејки е сега амандманска расправа, вие не се согласувате со одреден предлог во законот и затоа сте поднеле амандман. Јас ве молам да се придржувате кон Деловникот и да дискутирате по амандмнаот. Може да има некаков поширок контекст тоа, меѓутоа пак да е допирот амандманот и општината Извор во овој случај. Јас би ве замолила.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Токму затоа зборувам.

Ако Собранието на Република Македонија треба да донесе одлука дали, согласно овој амандман, општина Извор ќе опстои во сегашните граници или нема

да опстои, тогаш таа одлука треба да се донесе врз основа на реални критериуми и врз основа на податоци што ќе им бидат дадени на пратениците во Собранието. Ако Владата ги има тие податоци, а таа е само предлагач, не ја носи одлуката, значи не го усвојува законот, тоа значи дека ние, тука, како Собрание сме или девалвирани или хендикипирани или им се дозволува некому да мислат или да не мислат.

Затоа јас ги кажувам овие работи што се однесуваат на суштинскtие прашања за кои што имаме доволноподатоци и за кои што можеме реално да зборуваме. А, суштинско прашање е зошто се менуваат границите на општина Извор, односно таа се укинува. Ако се почитува Охридскиот договор, тоа стои во самото образложение во Предлогот на закон, ако се почитува, тогаш треба да се почитува точката 3.2., каде што стои дека ќе бидат ревидирани општинскtие граници. Дека ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните власти.

Дали Владата за укинувањето на општина Извор се консултирала солокалните власти и дали и во која мерка ја почитувала нивната волја? Дали меѓународното учество при укинувањето на општината Извор било адекватно застапено за да може да се донесе ваков предлог што се однесвуа на општината Извор? Ова се однесува и за сите други општини, меѓутоа сега зборуваме за општина Извор. Ние не можеме да ги третираме посебно само колку шуми има некоја општина и колку патишта или колку амбуланти.

Значи, факт е едно дека она што беше кажано од еден од дискутантите дека, согласно процентите од пописот се правени границите на општините, тоа не значи ништо друго туку дека единствено присутен при утврдувањето на овој закон бил етничкиот критериум и на тој начин се создавани општини каде што албанците ќе бидат или над 20% или ќе бидат доминантно мнозинско население, со што ќе можат да ја остваруваат локалната власт и на тој начин да функционира општината согласно политичките определби на тие локални власти.

Значи, од овие причини сметам дека, не само за општина Извор, а пред се за општина Извор, затоа што амандманот се однесува токму на таа општина, треба да биде прифатен овој амандмна. Уште еднаш апелирам до Владата и барам од неа овој закон да го тргне како точка од дневен ред, да се донесат суштинскtие закони за децентрализација, а после тоа да се види кои ингиренции ќе ги има општината, затоа што на овој начим Владата прејудицира кои закони ќе ги усвои или нема да ги усвои Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛАЈАН ПОПОВСКА:

Благодарам.

За збор се пријавил г. Ѓорѓи Трендафилов.

Повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Дали може да констатираме дека немаме претставник на Владата?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас би го замолила министерот Гештаковски ако може да влезе во салата.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Госпоѓо, јас вчера, како и сите други добив писмо, министерот е за 29 точки, па?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г. Трендафилов, министерот е присутен.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Би сакал да обрнам внимание на министерот за локална самоуправа, овие три општини што ќе зкаснат на територијата на поранешна Велешка општина, станува збор за Чашка, Богомила и Извор, уште еднаш да го преиспита овој свој предлог Министерството за локална самоуправа, затоа што во иднина , навистина, ќе се соочиме со една несакана ситуација во која што еден дел од локалното население во буквална смисла на зборот ќе ги исцрпи практично сите финансиски, материјални ресурси на локалното население на оваа обалст. На тој начин само ќе се обиде наводно да унапреди некои свои права, што не е спорно, со закон се определени во Република Македонија, но на тој начин ние ниту ќе го подобриме квалитетот на живеење на севкупното население на оваа монструозна општина Чашка, што се предвидува со Предлогот на законот за територијална поделба, ниту ќе успееме да го задржиме населението во тие краишта, а ниту ќе се доближиме, ни најмалку, во овие месеци што останаа до 2004 година до она што г-динот Црвенковски ни го најавуваше како економски бум. И, на крајот на краиштата, дури не можеме да

очекуваме да се направи еден голем “трговски центар” каде што луѓето би можеле да ги остваруваат на некој начин своите права.

Уште еднаш да го преиспитате овој ваш предлог, затоа што на овој начин само ќе се исцрпи во секој поглед населението и оваа територија што вие ја формирате како општина Чашка, всушност од денеска ќеај прогласите за слободна територија за колонизирање на овој дел од земјата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Доколку нокој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Љупчо Јордановкси).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Почитувани пратеници, бидејки претресот по амандманто е заклучен, амандманот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, за гласале 22 пратеници, воздржано 1 пратеник, а против 5 пратеници.

Констатирам дека Собраието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 47-а по точката 47 поднесен од пратениците Љчупчо Балковски, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Марија Којзеклсика, Ефтим Манев, Коце Трајановски и Слободан Чашуле.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за локална самоуправа.

Повелете г. Гештаквоски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе,

Амандманот од група пратеници со кој што се предлага општината Зелениково да опстои во постоечките граници не се прифаќа, но би сакал да уакжам

во идното делување на новата општина Петровец сигурно ќе треба да се направат напори за подобрување на ообраќајната врска помеѓу овие две населби.

Благодарам, амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г. Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г. претседателе.

Јас мислев дека минситерот ќе го прифати овој амандман, за жал не го прифати, ќе ја смалевме дискусијата.

Инаку , сакам да напоменам дека постојната општина Зелениково е една од поранешните Скопски општини, т.е. таа беше во составот на општина Кисела Вода. Ова е единствен пример од територијата пошироко на Скопје, во која што една од поранешните, една од општините што произлезе од поранешните Скопски општини, во конкретниов случај од општина Кисела Вода, што се укинува со оваа територијална организација или територијална поделба на Република Македонија.

Инаку и овде како и во сите предлози на Владата за укинување на одредени општини немавме никакви пошироки и подецизни и попрецизни објаснувања токму во конкретниот случај за Зелениково, или за било која друга општина што се укинува, освен општите и начелните критериуми кои што Владата ни ги кажа и по кои се раководеше. Заради тоа ние како предлагачи на овој амандман и како опозиција најчесто со овие 163 амандмани кои што се поднесени на Законот за територијална организација се обидуваме да ја запознаеме македонската јавност нормално и министерот и пратениците од позицијата со сите карактеристики кои што ги имаат овие општини кои што се укинуваат. За жал можеби ова се последни дискусии за нив како посебни општини и затоа би сакал да имате и трпение кога ние ги објаснуваме сите погодности и сите наши аргументи кои што сметаме дека се валидни за зачувување на постојните општини во Република Македонија.

Општината Зелениково е единица на локалната самоуправа формирана согласно Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на единиците на локална самоуправа од 1.01.1997 година. Би сакал да се вратам малку поназад и да кажам дека Општина Зелениково има долга

традиција како општински центар. Имено, уште од 1914 година, значи скоро уште пред 100 години па се до 1955 година Општина Зелениково непрекинато опстојува како општински центар, значи и во поранешна Југославија и за време на војната и во повоена Југославија, значи се до 1955 година кога како општина е припоена кон Општина Драчево. Од 1997 година, значи од 1.01.1997 година оваа општина функционира како посебна единица согласно надлежностите дадени до Законот за локална самоуправа од таа година. Општината претставува природно географска целина со 15 населени места во нејзиниот состав, а тоа се Станица Зелениково, село Зелениково, село Орешани, село Пакошево, село Ново Село, село Таор, село Страхојадица, село Смесница, село Добрино, село Дејковец, село Гомалево, село Палиград, село Вражале, село Градовци и село Тисовица.

Територијата на Општина Зелениково се наоѓа во јужниот дел на скопската котлина, значи како што кажав, ова е територија на една од поранешните скопски општини и оддалечена е од Градот Скопје само 25 км. Зафаќа површина од 175 км2, значи огромна површина и се смета за една од средните по големина општини, значи по површина во Република Македонија. Морфолошки гледано општината има рамнинско ридски и планиски карактер. Така од вкупно 15 населени места 10 се рамничарски, 4 се ридски, а само една населба е планинска. Преку средиштето на општината протекува Кадина река како десна притока на Вардар. Општината Зелениково се граничи со општините Студеничани, Општина Петровец и Општина Велес. Преку неа води железничка линија Скопје-Велес со железничка станица Зелениково околу која е создадена поголема населба и оваа населба под името Станица Зелениково го зазема централното место и претставува седиште на општината. Националната структура на оваа општина е различна. Може да се каже само во две населби живее македонско население, во шест албанско, а во другите населби населението е со мешана структура. Значи, живеат вкупно 4.077 жители, или по критериумите од Владата тоа е помалку од 5.000 жители кој што критериум Владата го смета еден од клучните. Меѓутоа јас би сакал да напоменам дека и во новиот предлог од втората фаза на територијалната поделба на Република Македонија постојат околу петнаесетина општини кои што имаат помалку жители од 5000, а сепак се посебни општини и дадени се во новиот предлог. Значи, и овој критериум не би требало да е клучен и доминантен за да Општина Зелениково се избрише од списокот на единиците на локалната самоуправа. Инаку националната структура е следна: Македонци 61%, Албанци 29%, Власи 00,2%, Роми 2,26%, Турци 00,2%, Бошњаци 4,68%, Срби 1,1% и останати 0,47%. Значи ако се смета за

етничкиот карактер, значи албанскиот јазик што најчесто беше и предмет на договарања и преговарања, сепак е службен јазик и во постојните граници на Општина Зелениково. Значи, по тој критериум не би требало да значи дека не е исполнет.

Во Општината Зелениково постојат седум месни заедници, јас не би сакал да ги набројувам, тоа ќе се види од самиот список кој што го прочитав, значи по поголемите населени места. Само би сакал да напоменам дека со отпочнување на работата на општината во 1997 година па се до денес преземени се голем број на активности за изградба на ифраструктурни објекти. Сметам дека ова е еден од клучните делови во мојата дискусија и што ќе се види иницијативата на единиците на локалната самоуправа, иако се мали, иако не се градски, меѓутоа со нивната иницијативност што се можат да направат во вака запоставени општински делови. Приоритет на активностите на општината од 1997 година па наваму беше даден на доизградба на започнатиот цевковод за поврзување на локалните водовоти на три населени места со градската скопска водоводна мрежа. Значи, изграден е цевковод во должина од 8 км. со градска водоводна мрежа поврзани се селата Орешани, село Зелениково и Станицата Зелениково како општински центар. Изработени се проекти за поврзување на градскиот водовод и на населените места Таор, Пакошево, Ново Село и Страхојадица. Во Станица Зелениково изградена е фекална канализација во должина од три ипол илјади метри, а во село Зелениково фекална канализација во должина од 2.600м., додека во село Орешани е започната изградба на фекална канализација во должина од 600 метри.

Од областа на патната мрежа изграден е локален пат со асфалтна лента до селото Вражале во должина од 4,5 км., извршено е асфалтирање на дел од локалниот пат Страхојадица, Смесница, Гумалево, значи со асфалтна лента во должина од 5 км. Исто така, изработени се и главни проекти за локален патен правец село Зелениково  село Градовци во должина од 6 км., патен правец Страхојадица, Тисовица во должина од 1008 м. и крак во село Смесница во должина од 1000м. Во населените места на општината извршено е асфалтирање на локалните улици во должина од 6.300 м., поставено е улично осветлување во населените места Палиград, Таор, Станица Зелениково, село Зелениково, Пакошево и други. Во функција на подобрување на напонот на електрична енергија изградени се трафостаници со ниско напонска мрежа во неколку населени места. Од областа на урбанизмот изработен е и усвоен генерален урбанистички план за седиштето на општината и урбанистичка документација за населено место Таор за село Орешани,

село Пакошево и Ново Село. Во село Зелениково поставена е нова телефонска централа со можност за поврзување со телефонска мрежа на сите населени места. Сегашната состојба со телефонски приклучоци е следна. Селата Станица Зелениково, село Зелениково, село Орешани, село Таор, село Пакошево, село Ново Село, село Страхојадица и село Смесница имаат телефонски приклучоци, додека селата Добрино, Дејковец, Гумалево, Палиград, Тисовица, Вражале и Градовци сеуште немаат телефонски приклучоци. Значи, сето ова што е изградено и направено од 1997 година па наваму јасно зборува за иницијативата на единицата на локалната самоуправа во подобрувањето на условите на живеење во тие населени места, бидејќи доколку бидат приклучени во поголемите општински центри, овие и понатаму би останале со голем дел од овие подобрени инфраструктурни подобрувања не би биле запоставени. За нас е посебно значајно што Зелениково како целина има богата историја почнувајќи од антиката до денес. На нејзината територија кај село Таор се наоѓа голем археолошки локалитет на кој се претпоставува дека е роден римскиот император Јустинијан. Овој локалитет може да биде од големо историско и културно значење кое ќе ги надмине границите на Општина Зелениково, а сметаме дека и на Република Македонија. Покрај овој локалитет на територијата на општината има уште неколку културно-историски споменици. Значи, покрај погоре посочените деловни субјекти и други економски карактеристики Општина Зелениково сериозно смета на неколку нови можности кои ќе следат со примена на новиот закон на локална самоуправа. Имено, повеќе од 550 викенд куќички всушност се постојано место на живеење на лицата кои ги изградиле и тие сметаат тука да останат да живеат доколку се решат основните инфраструктурни проблеми во овие викенд населби. Инаку и со тоа општината би добила две до три илјади повеќе жители отколку што ги има сега. Така што бројот на жителите би нараснал некаде на 7000. Инаку овие жители се на скопските општини, таму имаат лични карти, меѓутоа поголемиот дел од годината го поминуваат во овие викенд населби. И практично би можело да се смета дека овие се жители на Општина Зелениково. Со оглед дека општината располага со природни богатства што досега се недоволно, или попрецизно, лошо користени преку пренесување на правото да издава под концесија на општината на шуми, пасишта и аграрно земјиште, значи таа можност и е ускратена, општината би имала сериозен прилив на финансиски средства со кои ќе може нормално да работи и во услови на целосна примена на законот за локална самоуправа и целосно спроведување на децентрализацијата на власта.

Исто така, споменав дека селото Таор може да се користи како археолошки локалитет и од аспект на туризмот. Затоа сметам дека Општина Зелениково би можела да опстојува во постојните граници бидејќи сето ова што го кажав, значи покрај богат шумски и аграрен фонд на нејзината територија постојат и неколку фабрики и истурени погони на производствени капацитети надвор од општината, голем број на трговски и занаетчиски дуќани, пасишта и ловни терени, услови на речен туризам и риболов, развој на културен и селски туризам, како и капацитети за експлоатација на природен мермер и искористување на водниот потенцијал. Исто така сакам да напоменам дека согласно на Европската повелба за локална самоуправа во точка 5 децидно е кажано, или член 5, заштита на границите на едниците на локална самоуправа вели вака: границите на територијата на која се простира надлежноста на локалните власти не смеат да се менуваат без претходно консултирање на локалните заедници што се во прашање, а доколку е тоа можно по пат на референдум. Поаѓајќи од ова Општина Зелениково т.е. Советот на Општина Зелениково на 30.12.2003 година распиша референдум по повод Предлогот за укинувањето на оваа општина и референдумот беше закажан на 18, или се одржа на 18.01.2004 година со едно единствено прашање дали сте за опстанок на Општина Зелениково како посебна единица на локална самоуправа во постојните граници. А одговорите беа со заокружување за, или против и ова беше успешно спроведен референдум со што граѓаните, или жителите на Општина Зелениково многу јасно ја кажаа својата определба, дека не сакаат нивната општина да се укине, т.е. таа и понатаму да опстојува, бидејќи од 1997 година па наваму евидентни се придобивките кои што се направени во Општина Зелениково како посебна единица на локална самоуправа. Според тоа, ако ја почитуваме оваа Европска повелба за локална самоуправа би требало Министерството за локална самоуправа т.е. Владата на Република Македонија да ја почитува волјата и желбата на жителите на Општина Зелениково изразена на референдумот и оваа општина да остане во списокот на единици на локална самоуправа. Инаку, да напоменам дека во новиот Предлог за територијална организација на Република Македонија Општина Зелениково се припојува кон Општина Петровец, меѓутоа со Општина Петровец тие немаат никаква географска комуникација т.е. го немаат ниту основното, пат со кој што тие ќе бидат поврзани. И доколку се користат постојните патни правци, значи би требало за да се стигне од Општина Зелениково, до Општина Петровец да се помине Општина Студеничани, Општина Кисела Вода, Општина Гази Баба и дури тогаш да се стигне во Општина Петровец со што ќе треба да се поминат само од

општинскиот центар Зелениково до општинскиот центар во Петровец околу 50-тина километри, а да не зборуваме за населените места од Општина Зелениково кои што се оддалечени по 40-тина километри од општинскиот центар од Зелениково. Значи, тие за да стигнат до Општината Петровец и да се вратат и притоа да поминат повеќе од 100 км. Според сето ова горе искажано, сметам дека Општина Зелениково би требала да остане како самостојна општина. Сметам дека има и економски потенцијал, значи доколку се дадат сите ингеренции кои што и следуваат на општината, а не дел од ингеренциите да се задржат на државно ниво, како што е користењето на природните богатства преку давањето на концесии. Исто така би сакал да напоменам дека и Општина Петровец нема никаква желба за да Општина Зелениково се припои кон неа и да станат една единствена општина, бидејќи како што кажав, тие немаат меѓусебна комуникација и досега се две независни општини и би сакале и понатаму така да егзистираат во списокот на единици на локална самоуправа на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сакам сосема накратко да го искажам мојот став за постоењето на Општина Зелениково. Јас навистина не можам да се согласам дека овој закон е правен врз основа на некакви критериуми, дека се почитувани некакви критериуми кои што се дадени овде во самиот закон. Типичен пример колку е апсурден овој Предлог на закон е Општина Зелениково и дека воопшто Предлогот на законот не произлегува од почитување на некакви критериуми, тоа е значи Општина Зелениково. Зошто го велам тоа? Тоа го велам затоа што ако Општина Зелениково не го исполнува едниот критериум за само 200 и неколку жители, демографскиот и мислам дека тоа воопшто не е причина, бидејќи има повеќе општини кои што немаат 5000 жители, а сепак постојат. Колегата пред малку кажа какви се потенцијали има општината и дека навистина може економски да се одржи. Ние немаме од другата страна никаква анализа зошто Општина Зелениково не може еконмски да опстане, бидејќи постојат објекти од општествениот стандард и служби од областа на здравството, образованието, социјалните грижи, културата, инфраструктурна опременост.

Меѓутоа, мене ме наведува тоа да го кажам, дека Општина Зелениково е типичен пример колку навистина не се почитувале, колку власта сама не си ги почитува критериумите кои што си ги постави е критериумот дека ќе се почитуваат природните, географските услови да овозможуваат, вели, гравитирање и комуникациско поврзување на населените места со центарот.

Навистина и понатаму во критериумите стои "почитување на определени специфики на територијалната организација сврзани со определени историски, културни и еколошки карактеристики на населените места, претходно достигнат степен во развој на комуналниот систем, инфраструктурата", овие критериуми кои власта ни ги постави сама си ги постави овде кај општина Зелениково таа воопшто не ги почитува и јас сакам да го прашам министерот дали до 1.01.2005 година, кога ќе почне да функционира овој закон за територијална поделба, дали до тогаш тој ќе им направи пат на граѓаните од општина Зелениково, за да можат да почуствуваат дека овој закон е закон за децентрализација, да не вртат 70 километри за да стигнат до општинскиот центар во Петровец и за да можат таму да си остварат некои свои права кои им припаѓаат според овој закон за децентрализација.

Го молам господинот министер да даде одговор, да им биде јасно на граѓаните на општина Зелениково дали до 1.01.2005 година ќе добијат комуникација, а не да вртат 70 километри за да стигнат до општина Петровец.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Сакам исто да ви се заблагодарам бидејќи сте една од ретките кои кога ќе кажете ќе бидете кратка, сте кратки. Само ќе ви замерам, вчера мене ме предупредивте да го предупредам министерот кога се изјасни дека еден ваш амандман од ваш пратеник е апсурден, тогаш истото право и јас од вас го барам, да не дискутирате дека предлозите се апсурдни. Ако веќе треба да ја исфрлиме апсурдноста, треба да ја исфрлиме и од едната и од другата страна.

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

(Пратеничката Силвана Бонева дополнува без уклучен микрофот "требаше министерот да даде одговор").

Министре, имате збор, повелете.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Бидејќи сум прозван неколку пати, госпоѓо Бонева сме во контакт со сите структури во општината на повеќе пати и пред почнување на првата фаза, со градоначалникот се вршат договори и разговори и сигурно тој проблем ќе биде решен во интерес на граѓаните. Немојте да барате од мене, не сум јас тој кој може да ви каже дека од 1.01.2005  година ќе биде решен проблемот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за госпоѓа Бонева, повелете една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван министер, вие не сте тој кој треба да каже дали до 1.01.2005 година граѓаните на општина Зелениково ќе имаат пат, меѓутоа, вие сте тој што ја правите таа територијална организација и што велите, онака како што имате кажано дека имате заземено став по овој предлог, вие сте тој што треба да направите веројатно, додека да добијат пат граѓаните на Зелениково, да добијат најнапред крилја па да можат многу полесно да стигнат до општина Петровец, односно до центарот Петровец за да ги остварат своите права.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 21 гласал за амандманот, нема воздржани, 52 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 50-а по точката 50, поднесен од пратеникот Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, господинот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, амандманот на господинот пратеник Никола Груевски, предлага општината Кондово да продолжи да функционира во досегашните територијални граници, а со Предлогот на законот општината Кондово е заедно со општината Сарај.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

:Повелете господине Груевски, како предлагач имате право да образложите.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Општината Кондово е селска општина, составена од повеќе села, центар на општината беше Кондово и како рурална општина таа има свои посебни потреби кои драстично се разликуваат од потребите на главниот град Скопје.

Сметам дека укинувањето  на оваа општина и нејзино префрлување во Сарај, а заедно целокупно приклучена кон Сарај и со се Сарај кон Скопје дека не е добро ниту за граѓаните кои живеат во општина Кондово, ниту за граѓаните на Скопје. Со тоа, со Сарај и со Кондово, двојно се зголемува големината на градот Скопје и ќе се јават сериозни тешкотии во функционирањето на градот Скопје, а секако дека Кондово и селата во оваа општина ќе бидат занемарени заради тоа што ќе бидат на некој начин надвор од градот.

Сметам дека ова на некој начин е направено исклучиво заради вештачко создавање на повеќе од 20 % албанско население во Скопје, за да се добие двојазичност. Лично немам ништо против јазиците, ниту против албанскиот јазик, меѓутоа целата оваа работа на некој начин вештачки е направена, веројатно е договор од претседателските избори кога беше направен фалсификатот се со цел на некој начин сега да се возврати на оние кои го бараат тоа и кои најжестоко учествуваа во тој фалсификат и да се задржи коалицијата на власт, Очигледно дека апсолутно Кондово нема никаква врска со градот Скопје и секое негово приклучување кон градот Скопје навистина нема никаква друга логика, освен логиката на еден чист див пазар што е направен меѓу СДСМ и ДУИ, кој што оди против интересите и на граѓаните во Кондово и на граѓаните на градот Скопје и на

некој начин создава целосно иритирање во јавноста, затоа што на вештачки начин се создава двојазичност во Скопје. Не е проблемот што е двојазичност, може да е и четворојазичност, и петјазичност, меѓутоа, се создава на вештачки начин заради интерен политички договор.

Затоа, предлагам Парламентот да прифати Кондово да остане посебна општина како што беше до сега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Амандманот е едно, за задржување на општината Кондово, а образложението е друго. Сега незнам дали е двојазичноста проблем или опстојувањето и перформансите на општината Кондово, по опстојувањето на истата.

Сакам да реплицирам во делот на зголемувањето на ингеренции или надлежности и функции кои треба да ги врши градот Скопје. Да напоменам дека и сега Градското сообраќајно претпријатие се грижи за одвивање на автобуските линии со Кондово и ЈП за водовод се грижи и комуницира со општината Кондово, така што неможе да стане збор за нови функции, инвестиции или пари што би го чинтеле градот Скопје. Доколку и двојазичноста е проблем, тогаш можеме да дискутираме, но сега кога амандманот се однесува само на Кондово, тогаш сметам дека перформансите се тие, надлежностите и функциите што и сега градот Скопје се врши се тие и аргументите одат во прилог дека поефикасно граѓаните на Кондово своите права ќе ги остваруваат во рамките на градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Љупчо, имате една минута контра реплика.

Господине Дојчиновски, ако барате реплика, немате право на тоа, бидејќи репликата веќе почна. Ќе се пријавувате на време.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Една од главните логики е доближување на локалната власт до граѓанинот, односно граѓанинот да е поблиску до власта. Ако до сега во Кондово функционирала таа локална власт и ако граѓаните од тие 6-7 села, колку се, биле поблиску до власта, сега ни од далеку нема да бидат така блиску како што

биле. Очигледно е дека ова не е направено за да им се помогне на граѓаните на Кондово за да имаат подобар живот или нешто друго, туку е чист политички договор за создавање двојазичност на градот Скопје, кој што се темели на други основи и за кој 40 дена некој преговараше да не се случи, на крајот кога не успеа да испреговара, реши да го брани тоа, нешто што навистина тешко може да се брани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Груевски. Имате право на свое мислење.

Господинот Рафис Алити има реплика, повелете 3 минуто.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам господине претседател,

Навистина очекував од пратеникот Груевски да понуди аргументи во оваа насока и бидејќи јас доаѓам од тоа подрачје од општина Кондово и доколку зборуваше со јазикот на аргументите ќе го подржев. Но јасно се гледа дека амандманот кој е понуден е без аргументи. Тоа што го реше господинот Макрадули е на место дека селата од општина Кондово. сите се поврзани со урбаниот сообраќај на градот, а исто така и водоводот. Неколку села од таа општина се поврзани со водоводот во Скопје на изворот Рашче има и други аргументи зошто општина Кондово треба да биде дел на градот Скопје.

Пратеникот рече дека е од интерес и на граѓаните на Кондово, но јас сум убеден дека тој не говорел со ниту еден жител од таа општина, туку дава една своја паушална оценка. Напротив, жителите од општина Кондово се заинтересирани да бидат поблиску до урбаниот центар и да бидат дел на градот Скопје, така што уште еднаш ќе нагласам дека аргументите кои се нудат дека наводно имало политичко пазарење меѓу СДСМ и ДУИ не дежат, жителите на

општина Кондово на претседателските избори гласаа како што тие мислеа и немаше манипулација во тоа подрачје или фалсификување на изборите. Мислам дека и пратеникот Груевски би било добро да го повлече понудениот амандман, бидејќи навистина, уште еднаш ќе кажам не понуди аргументи во оваа насока.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последен за реплика е господинот Хусеини Хусеинџевад.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД:

Господине Груевски, Кондово имаше една фиктивна власт. Со ваквата поделба Кондово се приближува кон реалната власт што ќе ја има, затоа што ќе ги има своите претставници. Досега имаше фиктивна власт како многу други општини. Затоа и се прави оваа нова територијална реорганизација. Но тоа што ве боли господа е двојазичноста и треба да признаете дека сте против, да бидете храбри и да кажете и да кажете дека сте против албанскиот јазик а не тука да се декларирате како космополит и даречете дека сте за употреба на албанскиот јазик и на други јазици во градот Скопје. Господа, цело време тоа ве боли, а воопшто не треба да биде така. Напротив, со ова добива државата, добива една внатрешна кохезија која е неопходна. Вие цело време за албанскиот јазик, а сигурно и за оние кои го говорат овој јазик, дури не велите дека се луѓе од оваа планета, вие мислите дека тие се луѓе од друга планета, а ние се подготвуваме за Европа и интеграција во неа. Тоа е срам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски, една минута контра реплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Би сакал да спмнам дека овие работи што беа искажани како луѓе од друга планета дека сум сметал дека се албанците, или незнам на која групација мислеше, тоа е чиста измислица на самиот пратеник.

Би спомнал уште еднаш дека овие села по ништо не се разликуваат по далечината и по некои потреби што ги имаат да кажеме некои други што не се припоени кон Скопје, како Петровец, Зелениково и останати. Навистина се гледа дека на вештачки начин се припојуваат кон Скопје и кога реков дека немам ништо против албанскиот јазик или против други јазици, во ситуација кога би имало природно 20%, што е некаков меѓународен стандар за да добие некој двојазичност, во овој случај, ниту меѓународен стандард, ниту природно немаме таков прираст или таква ситуација во градот Скопје. Со сила се додаваат села, со сила се додаваат општини за да се направи на вештачки начин она што се прави.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние имаме уште 5 минути до крај.

За збор се јави господинот Киро Дојчиноски, но дали ќе ви бидат доволно 5 минути.

КИРО ДОЈЧИНОСКИ:

Прво, сакам да обрнам внимание дека до 1996 година Кондово никогаш не било надвор од границите на Скопје. Ако се сеќавате, до тогаш тоа беше општина Карпош заедно со Сарај и со многу други села. Споед тоа, ова не е ништо ново кое сега произлегува за прв пат.

Јас би го прашал господинот Груевски дали го познва и дали ги знае селата Никиштани и Грачан, кои исто така се наоѓаат на територијата на градот Скопје во општината Ѓорче Петров. По која логика сега едно, да речеме Драчево може да биде во градот Скопје, а едно Кондово или Сарај не би можело.

Според тоа, мислам дека сосема не држи определбата Кондово да го сепарираме од Сарај и заради тоа што го зголемува процентот тој број на население да биде посебна општина.

А друго, на крајот би го запрашал дали тој пие вода,или од странство пие вода или пие нешто друго.

ЉУПЧО ЈОРАДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски, имаме уште 3 минути до 17,00 часот имате реплика од 3 минути.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Пратеникот се наврати на ситуацијата од 1996 година. Ако се навратиме на таа ситуација, треба многу работи да се сменат. Ние неможеме да живееме во минатото, треба и Петровец, Зелениково, Сопиште и други општини да се припојат кон Скопје, Очигледно тука се има селективен приод.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски, ја имата вистинската поента, треба да живееме за иднината.

Тука ја прекинувам расправата.

Продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 17,00 часот.)